**СРЕДНО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ “ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ КАВАДАРЦИ**




# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

# 2023 – 2025

## ВОВЕД

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното во изминатите години со единствена цел: да се анализира квалитетот на севкупната работа на училиштето. Со примена на SWOT анализа се анализираа и определија силните и слабите страни на училиштето, расположливите ресурси и неговото окружување и се поставија главните тези за изготвување на извештај од самоевалуацијата.

Врз основа на овие предности и слабости произлегоа одредени приоритети од кои потоа ќе се развиваат развојни цели со задачи и активности.

Самоевалуацијата е спроведена за периодот од 2023 до 2025 две наставни години (2023/2024, 2024/2025 год.) согласно Законот за средно образование и ги опфаќа следниве области:

- **организација и реализација на наставата и учењето,**
- **постигања на учениците,**
- **професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар,**
- **управување и раководење,**
- **комуникации и односи со јавноста,**
- **училишна клима и култура,**
- **соработка со родителите и со локалната средина**

**Тим за спроведување на самоевалуацијата:**

**Ратка Росомански – претседател**

**Членови:**

**Стефан Ацев, Ѓоко Тодоров, Горан Зимоски**

## ТИМОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА:

| **Подрачје 1: Наставни планови и програми** | **Подрачје 2: Постигања на учениците** | **Подрачје 3: Учење и настава** | **Подрачје 4: Поддршка на учениците** | **Подрачје 5: Училишна клима Етос** | **Подрачје 6: Ресурси** | **Подрачје 7: Управување, Раководење и креирање политика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Координатор*** | ***Координатор*** | ***Координатор*** | ***Координатор*** | ***Координатор*** | ***Координатор*** | ***Координатор*** |
| **Антонија Делева Рамова** | **Весна Тодорова** | **Божанка Минова** | **Наталија Касапинова** | **Влатко Тасев** | **Менча Мајсторова** | **Наталија Вчкова** |
| **членови** | **членови** | **членови** | **членови** | **членови** | **членови** | **членови** |
| Валентина Таскова | Јасминка Маркова Спиркоски | Тања Камчева | Тодорка Коцева | Милка Манчева | Коце Попов | Горан Златев |
| Ефремчо Николов | Глигор Бојков | Загорка Ризова | Роза Тефова | Ивана Андов | Горан Керов | Олгица Ѓорѓиева |
| Сања Ацева | Александра Петрова | Даниел Петков | Коле Станоев | Маргарита Делова | Горан Попов | Блаже Ѓорчев |
| Валентина Мукаетов | Пепица Јованова | Јасминка Еленова | Деан Илков | Гордана Сточева Наумова | Горан Велковски | Радица Бинова |
| | | | | | Оливера Гркова | |

## ФАЗИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

1. ***<u>Подготвителна фаза</u>***

- Се формираше тим на ниво на училиште од 3 наставници и директор на училиштето
- Формирање на работни групи од онолку члена колку што има индикатори за квалитет за секои од седумте подрачја
- Тимот за самоевалуација изработува акционен план со кој се дефинираат:
  - ✓ Подрачјата и индикаторите на квалитет
  - ✓ Подиндикатори
  - ✓ Методи и техники на самоевалуација
  - ✓ Инструменти за прибирање на податоци
  - ✓ Начин на прибирање и обработка на податоците

2. ***<u>Фази на реализација</u>***

- Анализа на податоци и документација
- Усогласување на добиени наоди
- SWOT анализа и издвојување на приоритети
- Подготовка на поединечни извештаи за самоевалуација за секоја од 7-те области
- Подготовка на заеднички нацрт извештај за спроведена самоевалуација

3. ***<u>Фаза на известување и усвојување</u>***

- Наставнички совет
- Совет на родители
- Директор на училиште
- Училиштен одбор

## Оддели во рамките на подрачјето:

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

**1.3 Воннаставни активности**

**Тим за самоевалуација за подрачје: Наставни планови и програми.**

1. Антонија Делева Рамова (координатор на тимот)
2. Валентина Мукаетов
3. Сања Ацева
4. Ефремчо Николов
5. Валентина Таскова

**Самоевалуација на училиштето СОЗШУ „Ѓорче Петров„Кавадарци**

## ПОДРАЧЈЕ 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|
| 1.1.Реализација на наставни планови програми | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Прилагодување на наставните планови и програми за децата со ПОП<br>• Избор на наставни предмети |
| 1.2. Квалитет на наставни планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и во наставните помагала<br>• Интегрирање на општите меѓу предметни цели во образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| 1.3. Воннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставни активност<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето во работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности |
| Методи и техники за собирање на податоци | |
| Техника на анкетирање | Инструменти<br>- анкетен прашалник наменет за родители,<br>- анкетен прашалник наменет за ученици<br>- анкетен прашалник наменет наставници<br>Анкетирањето се спроведе онлајн преку google forms. |
| Метод на анализа на документацијата | Извори на податоци:<br>- достапни документи во училиштето<br>- документи на веб страна на МОН, БРО, ЦСОО |

## Резултати од спроведено анкетирање

Табеларен приказ на сумирани резултати од анкетното истражување за подрачјето:
Наставни планови и програми

Прашалник за наставници (примерок 37 наставници)

| Ред. бр | тврдење/исказ | да | делумно | не |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатор: Реализација на наставни планови и програми** | | | | |
| **1.** | Наставните планови и програми се реално применливи во наставната практика | 18(48.6%) | 18(48.6%) | 1 (2.8%) |
| **2.** | Наставните планови и програми се прилагодуваат според можностите и потребите на учениците | 21 (56.8%) | 14(37.8%) | 2 (5.4%) |
| **3.** | Наставата ја реализирам според годишните и тематските / модуларните планови | 33(89.2%) | 4(10.8%) | / |
| **4.** | Редовно реализирам дополнителна/додатна настава | 8 (21.6%) | 26(70.3%) | 3(8.1%) |
| **5.** | Применувам ИКТ во наставниот процес и разновидни техники за реализација на наставата | 21 (56.8%) | 13(35.1%) | 3(8.1%) |
| **6.** | Училиштето располага со разновидни наставни средства и помагала кои ми овозможуваат да реализирам квалитетна настава | 14(37.8%) | 17(45.9%) | 6(16.3%) |
| **7.** | Ја прилагодувам наставата според потребите и индивидуалните разлики на учениците | 28(75.7%) | 9(24.3%) | / |
| **Индикатор: Квалитет на наставни планови и програми** | | | | |
| **8.** | Наставните програми ја поттикнуваат родовата и етничката рамноправност и мултикултурализмот | 29(78.4%) | 7(19 %) | 1 (2.6%) |
| **9.** | Наставните содржини се усогласени со реалните потреби и карактеристики на локалната средина | 13(35.1%) | 20(54.1%) | 4 (10.8%) |
| **10.** | Наставните содржини ги поврзувам со практична примена и потребите на пазарот на трудот | 19(52.8%) | 11(30.6%) | 6(16.6%) |
| **11.** | Меѓу предметните цели и содржини се соодветно интегрирани во наставата (дигитална писменост, екологија, граѓанство, здравје, личен раст и развој) | 17(45.9%) | 17(45.9%) | 3(8.2%) |
| **12.** | Соработувам со родителите при планирањето и реализацијата на наставните содржини | 13(35.1%) | 8(21.6%) | 16(43.3%) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатор: Воннаставни активности** | | | | |
| **13.** | Во училиштето редовно се планираат и реализираат различни воннаставни активности | 27(75%) | 7(19.4%) | 2 (5.6%) |
| **14.** | Учениците активно учествуваат во изборот и подготовката на воннаставните активности | 22(59.5%) | 13(35.1%) | 2( 5.4%) |
| **15.** | Имам поддршка од раководството во реализацијата на воннаставните активности (ресурси, време, логистика) | 21 (56.8%) | 10 (27%) | 6(16.2%) |
| **16.** | Училиштето ја промовира својата работа преку воннаставните активности и проекти | 27(73%) | 8 (21.6%) | 2(5.4%) |
| **17.** | Воннаставните активности позитивно влијаат врз однесувањето и мотивацијата на учениците | 30(81.1%) | 6 (16.3%) | 1(2.6%) |

**Прашалник за ученици (примерок 88 ученици)**

| **Ред. бр** | **тврдење/исказ** | **да** | **делумно** | **не** |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатор: Реализација на наставни планови и програми** | | | | |
| **1.** | Наставниците ја реализираат наставата според однапред утврдена програма од Биро за развој на образованието | 56 (63.6%) | 25(28.4%) | 7 (8 %) |
| **2.** | Наставниците нè информираат за тоа што ќе учиме во текот на учебната година | 61(69.3%) | 19 (21.6%) | 8 (9.1%) |
| **3.** | Родителите се запознаени со тоа што учиме и како напредуваме | 44 (50%) | 33(37.5%) | 11(12.5%) |
| **4.** | Наставата е прилагодена на различните способности и потребите на учениците | 45(51.5%) | 25 (28%) | 18 (20.5%) |
| **5.** | Имаме можност да избереме предмети или содржини што нè интересираат | 46 (52.3%) | 20 (22.7%) | 22 (25%) |
| **6.** | Наставниците редовно реализираат дополнителна/додатна настава според нашите потреби | 53 (61.6%) | 24 (27.9%) | 9 (10.5%) |
| **Индикатор: Квалитет на наставни планови и програми** | | | | |
| **7.** | Наставата поттикнува почитување меѓу сите ученици, без оглед на пол, етничка или културна припадност | 66(75%) | 14(15.9%) | 8 (9.1%) |
| **8.** | На часовите учиме за различни култури и се охрабруваме да ги почитуваме | 55(62.5%) | 22 (25%) | 11 (12.5%) |
| **9.** | Содржините на наставата се поврзани со нашиот град, средина и секојдневен живот | 31 (35.2%) | 41(46.6%) | 16 (18.2%) |
| **10.** | Наставниците поврзуваат знаења од различни предмети за полесно разбирање на материјалот | 53 (61.6%) | 24 (27.9%) | 9(10.5%) |
| **11.** | Нашите предлози и мислења се земаат во предвид со цел да се подобри наставата | 34 (40%) | 31(36.5 %) | 20 (23.5%) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатор: Воннаставни активности** | | | | |
| **12.** | Во училиштето  има доволно воннаставни активности (спортски, културни, хуманиарни, едукативни и сл.) | 44(50%) | 28 (31.2%) | 16 (18.8%) |
| **13.** | Голем број ученици учествуваат во воннаставни активности вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби | 47 (54%) | 30 (33.4%) | 11 (12.6%) |
| **14.** | Имаме можност да предложиме нови воннаставни активности кои нѐ интересираат | 35 (40.2%) | 29 (33.3%) | 24  (26.5%) |
| **15.** | Наставниците нѐ охрабруваат  да се вклучиме во активности надвор од наставата | 47(53%) | 23 (26.4%) | 18(20.6%) |
| **16.** | Воннаставните активности ми помагаат да се изразам, да стекнам нови пријатели и да го претставам училиштето на убав начин | 49 (55.7%) | 22 (25%) | 17 (19.3%) |
| **17.** | Училиштето редовно ги промовира воннаставните активности преку медиуми, училиштен весник и социјални мрежи. | 59 (67%) | 18 (20,5) | 11 (20,5%) |

**Прашалник за родители  (примерок 30)**

| Ред. бр | тврдење/исказ | да | делумно | не |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатор: Реализација на наставни планови и програми** | | | | |
| **1.** | Наставните планови и програми се соодветно применети во наставата | 21 (70%) | 7(23.3%) | 2 (6.7%) |
| **2.** | Редовно сте информирани за содржината и целите на наставните планови и програми | 18 (60%) | 9 (30%) | 3 (10%) |
| **3.** | Наставните програми се приспособуваат според потребите на вашето дете | 21 (70%) | 7(23.3%) | 2 (6.7%) |
| **4.** | Училиштето овозможува избор на наставни предмети според интересите на учениците | 25(83.3%) | 3 (10%) | 2 (6.7%) |
| **5.** | Наставниците ја спроведуваат наставата според планираното  на јасен и разбирлив начин | 23 (76.7%) | 4 (13.3%) | 3 (10%) |
| **6.** | Информиран/-а сум за реализирањето на дополнителна/додатна настава во училиштето | 18 (60%) | 7 (23.3%) | 5 (16.7) |
| **Индикатор: Квалитет на наставни планови и програми** | | | | |
| **7.** | Наставните програми го поттикнуваат почитувањето на родовата и етничка рамноправност | 24 (80%) | 6 (20%) | / |
| **8.** | Наставните содржини ги одразуваат културните и општествените вредности на локалната заедница | 22 (73.4%) | 7(23.3%) | 1 (3.3%) |
| **9.** | Наставниците користат современи и соодветни наставни материјали и помагала во наставата | 20 (66.6%) | 8 (26.7%) | 2 (6.7%) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | Наставните програми овозможуваат поврзување на различни предмети и меѓу предметни теми како што се екологија, граѓанство, здравје, ментално здравје, личен раст и развој и сл. | 23 (76.7%) | 6 (20%) | 1 (3.3%) |
| **11.** | Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите при планирањето на наставните активности и програми | 16 (53.3% | 12 (40 %) | 2 (6.7%) |
| **Индикатор: Вонаставни активности** | | | | |
| **12.** | Училиштето нуди доволно разновидни вонаставни активности (спортски, културни, уметнички, едукативни и сл.) | 23 (76.7%) | 6 (20%) | 1 (3.3%) |
| **13.** | Вашето дете има можност да избере активности според своите интереси | 18 (60%) | 8 (26.7%) | 4 (13.3%) |
| **14.** | Наставниците и учениците активно соработуваат во планирањето на вонаставните активности | 21 (70%) | 6 (20%) | 3 (10%) |
| **15.** | Училиштето успешно ја афирмира својата работа преку вонаставни активности, настани, проекти, работилници и сл. | 23 (76.7%) | 6 (20%) | 1 (3.4%) |

**Анализа и интерпретација на резултати од спроведено анкетно испитување**

### 1.1 Индикатор: Реализација на наставни планови и програми

Реализацијата на наставните планови и програми ја испитавме низ следните истражувачки прашања:

- *Применувани наставни планови и програми*
- *Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми*
- *Прилагодување на наставните планови и програми за децата со ПОП*
- *Избор на наставни предмети*

Врз основа на собраните информации од трите групи на испитаници по основ овој индикатор го согледавме следното:

- Од аспект на применливоста на наставните планови и програми во наставната практика, мислењата на наставниците се поделени, половина од наставниците (48%) сметаат дека наставните планови и програми се реално применливи во наставната практика, наспроти другата половина наставници (48%) кои се изјасниле дека нивната практична применливост е делумна. Според родителите (70%) и учениците (63.3%) пропишаните наставни програми соодветно се применети во наставата.
- Во однос на информираноста на родителите и учениците со целите и содржините на наставните планови и програми, добивме позитивни резултати, односно повеќе од половина од испитаниците се изјасниле дека редовно и навремено се информирани за истото (60% од родителите, 61% од учениците).
- Според мислењето на родителите (83.3%) и учениците (52.3%) училиштето нуди можност за избор на наставни предмети според интересите на учениците.
- Од аспект на прилагодување на наставата на различните способности и потреби на учениците, половина од наставниците (56.6%) се изјасниле дека наставата во училиштето се прилагодува според можностите на учениците, но има и еден дел од наставниците (37.8%) кои се со став дека прилагодувањето е делумно.

- Во однос на реализацијата на додатна и дополнителна настава, повеќе од половина од учениците (61.6%) се изјасниле дека наставниците редовно реализираат додатна и дополнителна настава, а родителите дека се информирани за истата (60%). Кога станува збор за ова прашање интересен е податокот дека самите наставници се изјасниле дека делумно се реализираат додатна/дополнителна настава.
- Од аспект на опременоста на училиштето со соодветни нагледни средства и помагала потребни за успешна реализација на наставните планови и програми, речиси половина од наставниците (45.9%) се со став дека учиилиштето е делумно опремено.

**1.2 Индикатор: Квалитет на наставни планови и програми**

Квалитетот на наставните планови и програми го испитавме врз основа на следните истражувачки прашања:

- *Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во програми и помагала;*
- *Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во програми и помагала;*
- *Интегрирање на општите (меѓу предметните) цели на образованието;*
- *Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми*

Врз основа на собраните информации од трите групи на испитаници по основ овој индикатор го согледавме следното:

- Значаен процент од наставниците (78.4%) и родителите (80%) се со мислење дека наставните програми ја поттикнуваат родовата и етничка рамноправност и мултикултурализмот. Учениците исто така во значаен процент (75%) се изјасниле дека наставата поттикнува почитување меѓу сите ученици, без разлика на пол, етничка или културна припадност.
- Половина од наставниците (50%) сметаат дека наставните содржини се делумно усогласени со реалните потреби и карактеристики на локалната средина. Истото мислење го делат и учениците, односно 46% од учениците одговориле дека наставните содржини се делумно поврзани со локалната средина. Но и покрај сѐ, наставниците секогаш каде што е возможно се трудат наставните содржини да ги поврзат со практична примена и потребите на пазарот на трудот (52% од наставниците одговориле позитивно).
- Половина од наставниците (45%) сметаат дека меѓупредметните цели и содржини се соодветно интегрирани во наставата, наспроти другата половина наставници (45%) кои се со став дека таа интегрираност е делумна. Родителите и учениците во однос на ова прашање делат позитивно мислење, односно 76.7% родители, 61.6% од учениците.
- Во однос на соработката на училиштето со родителите, половина од испитаните родители се изјасниле дека се земаат во предвид нивните предлози за подобрување на наставата, овој став го делат и 40% од испитаните ученици. Додека пак наставниците соработката со родителите ја оценуваат како недоволна (43% од наставниците).

**1.3 Воннаставни активности**

Воннаставните активности во училиштето ги испитавме низ следните истражувачки прашања:

1. *Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;*
2. *Опфатеност на учениците со воннаставни активности;*
3. *Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата на вон наставните активности;*
4. *Афирмирање на учениците и на училиштето преку вон наставните активности.*

Врз основа на собраните информации од трите групи на испитаници по основ овој индикатор го согледавме следното:

- Од аспект на обемот и разновидноста на вонннаставните активности сите групи на испитаници делат заеднички позитивен став, дека во училиштето се планираат и реализираат доволен број на разновидни вонннаставни активности (наставници 75%, ученици 50% и родители 76.7%).
- Во однос на опфатот на учениците со вонннаставните активности, половина од испитаните ученици (54%) се изјасниле дека во овие активности учествуваат голем број на ученици, вклучително и учениците со посебни образовни потреби.
- Значаен процент од родителите (60%) се со мислење дека на учениците им се дава можност да изберат активности во кои сакаат да учествуваат.
- Речиси половина од испитаните ученици (40.2%) се изјасниле дека во училиштето им се дава можност да предложат нови вонннаставни активности што се во согласност со нивните интереси. Во однос на ова прашање голем процент од наставниците (59.9%)истакнуваат дека активно соработуваат со учениците како при изборот, така и во планирањето и реализацијата на различните вонннаставни активности.
- Според мислењето на наставниците (73%), учениците (67%) и родителите (76.7%) вонннаставните активности кои се реализираат во училиштето имаат големо влијание врз афирмацијата на учениците и работата на училиштето. Корисната од вонннаставните активности ја гледаме и во фактот што значаен процент он наставниците сметаат дека овие активности позитивно влијаат на однесувањето и мотивацијата на учениците. Додека самите ученици (55%) се со мислење дека вонннаставните активности им даваат можност да ги изразат своите потенцијали и способности, да стекнат нови пријателства, а воедно да дадат свој позитивен придонес во афирмацијата на училиштето.

## 1.1 Индикатор: Реализација на наставни планови и програми

| Извор на податоци | Информации |
|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени<br>• од БРО,<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците, дневно планирања;<br>• Индивидуални образовни планирања за ученици со посебни образовни потреби (ИОП), | **1.1.1. Применувани наставни планови и програми**<br>СОЗШУ„Ѓорче Петров“- Кавадарци е верифицирано да образува ученици од стручно образование во следните сектори:<br>• ***Земјоделско ветеринарна струка/*сектор за земјоделство, рибарство и ветеринарство** (од образовните квалификации: **техничар за фитомедицина** со број на верификација УП1 13 – 3522 од 10.06.2020, **агротехничар** со број на верификација УП1 13 – 3520 од 10.06.2020 и **техничар за агроменаџмент** со број на верификација УП1 13 – 3521 од 10.06.2020 и ***тригодишно образование градинар - цвеќар***);<br>• ***шумарско-дрвопреработувачката струка*/*сектор за шумарство и обработка на дрво*** за техничко образование (од образовните квалификации: **шумарски техничар** со број на верификација УП1 13 – 3516 од 10.06.2020, **техничар за пејзажен дизајн** со број на верификација УОП1 13 – 3517 од 10.06.2020, **техничар за мебел и ентериер** со број на верификација УП1 13 – 3519 од 10.06.2020 и **техничар за обработка на дрво** со број на на верификација УП1 13 3518 од 10.06.2020 ***тригодишно образование - шумар***); |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма на училиштето;<br>• Годишен извештај за работата на училиштето;<br>• Нормативни акти на училиштето;<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Записници од совет на родители,<br>• Записници од родителски средби;<br>• Записници од наставнички совети на училиштето;<br>• Записници од состаноци на стручни активи;<br>• Извештаи од реализирани активности;<br>• Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми;<br>• Дневници на паралелките<br>• Записници од проектни активности<br>• План за работа на училишната заедница и раководство во класот | • ***сектор за здравство и социјална заштита*** (од образовната квалификација: фармацевтски техничар УП1 13 - 3431 од 10.06.2020 ).<br><br>Општо-образовните предмети се реализираат во согласност со наставните планови и програми одобрени од МОН. Стручните предмети и изборните предмети се реализираат според наставните програми одобрени од МОН и ЦССОО. Училиштето во целост ги реализира истите.<br><br>Заради брзиот технолошки развој во светот кој се рефлектира и на соодветните струки наставниците прават корекции во наставните програми и притоа ги воведуваат новините во своите струки. Наставниците се еден од клучните фактори кои влијаат врз изборот на начините на реализацијата на наставните планови и програми во училиштето, преку изготвување на годишни, тематски/модуларни планирања. Исто така наставниците за потребите на учениците реализираат програми за додатна и дополнителна настава.<br><br>Раководителите на паралелка за реализација на часот на паралелка изработуваат годишни планирања според програмата за Животни вештини.<br><br>Во наставните програми е предвидено користење на информатички и комуникациски технологии (ИКТ).<br><br>Дневникот на паралелката го води раководителот на паралелката, а предметните наставници ја водат евиденцијата за своите предмети. Годишните глобални и тематски/модуларни планирања ги подготвува секој наставник на почетокот на наставната година и ги доставува до педагошката служба на училиштето и остава примерок на сопственото портфолио.<br><br>Во поголемиот дел од стручните предмети, во сите профили, покрај теоретските часови предвидени се и часови за практична настава. Часовите за практична настава се ставени во распоредот на часови, а наставниците самите одлучуваат како и каде ќе ја спроведат практичната настава по својот предмет (според претходно направен план). Според упатствата од МОН паралелките кои имаат над 20 ученици се делат на 2 групи за време на практичната настава и вежбите.<br><br>Практичното образование се реализира според новите модулирани наставни планови и програми одобрени од МОН и ЦСОО. Реализацијата на практичното образование се одвива во објектите на училиштето, а некои тематски целини се реализираат кај социјалните партнери, заради современите технологии кои ги поседуваат, а училиштето не е во можност да ги набави како нагледни средства. Реализацијата на практичната настава кај социјалните субјекти е со цел учениците да се здобијат со знаење и вештини на еден помодерен и софистициран начин.<br><br>Според модуларните програми кои се застапени во I, II, III, IV година, практичната настава е преименувана во „Учење преку работа кај работодавец“ и е застапена со 4 часа во Втора година во земјоделско-ветеринарната, шумарско-дрвопреработувачката струка и здравствената струка. |

| | |
|---|---|
| • Брошури<br>• Училишен весник | Со 8 часа во Трета година во земјоделско-ветеринарната, шумарско-дрвопреработувачката струка и со 4 часа во здравствената струка и со 6 часа во Четврта година во сите профили.<br><br>Професионалната/феријалната практика се реализира за време на летниот распуст според усвоена/одобрена програмата за работа од страна на наставнички совет и училишниот одбор, а на предлог на соодветните активи. Донесените програми се дел од Годишната програма за работа на училиштето. Феријалната практика од сектор шумарство и обработка на дрво се изведува со учениците од I, II и III година, според наставни планови во училишните објекти, наставно-научната шума Михајлово и училишната работилница. Феријалната пракса од сектор земјоделство, рибарство и ветеринарство се изведува со учениците од I, II и III година според наставните планови во училишните објекти. Феријалната практика за учениците од други општини се изведува во објекти на работни организации од тие општини, со посебно упатство и програма за изведување на истата. Феријалната практика од сектор здравство и социјална заштита се изведува со учениците од I, II и III година според наставни планови во локалните аптеки.<br><br>Дуално образование и дуалните паралелки претставуваат современ модел на образование, кој што ги спојува училиштето и работната средина, со единствена цел учениците да стекнат теоретско знаење и практични вештини уште за време на своето школување. Дуалното образование претставува систем во кој што наставата се одвива паралелно во училиштето и во компанијата. Во рамки на дуалното образование учениците од нашето училиште имаат можност практичната настава да ја реализираат во реномирани локални компании со кои училиштето има потпишано меморандуми за соработка. Компаниите кои се вклучени во програмата дуално образование им овозможуваат на ученците реализација на практична настава под водство на обучени ментори во реални услови, а во соработка со наставниците по практична настава. Од пред неколку години сите квалификации со четиригодишното образование од секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство и сектор Шумарство и обработка на дрво се дуални паралелки. Овој концепт на образование на учениците им обезбедува можност за добивање на стипендија од МОН.<br><br>Компании кои се наши партнери во спроведување на дуалното образование и со кои училиштето има потпишано меморандуми за соработка се следните:<br>- Сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство: ВВ ,, Тиквеш " АД Кавадарци, Кав – Комерц, Земјоделските аптеки : Агротомил, Ентома и Викторија Кристал, Тутунски комбинат Алијанса , Слога Пром – Кавадарци<br>- Сектор Шумарство и обработка на дрво ги имаме следните компании каде што учениците обавуваат Дуално образование: ЈП ,, Македонски Шуми " Скопје, Расадник ,, Pinus" Кавадарци, Пилана ,, НИКОМ" Кавадарци , Пилана ,, BIG GROUP – 18 "ДООЕЛ од Пехчево и АНИС ТРЕЈД, ЈП Комуналец - Кавадарци |

| | |
|---|---|
| | **1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br><br>Училиштето на почетокот на учебната година ги запознава родителите со наставните планови и програми што се изучуваат во училиштето. Овие информации ги добиваат и учениците на првите часови од учебната година, од страна на раководителите на паралелка, но и од предметните наставници запознавајќи ги со содржините што ќе се изучуваат во рамки на наставниот предмет.<br><br>Училиштето е во постојан контакт со родителите, така што родителите се вклучени во активниот живот на училиштето, преку Совет на родители, родителски состаноци и индивидуални средби. Состанокот со родителите го води раководителот на паралелка, за што изготвува соодветен записник, и истиот го евидентира во дневникот на паралелка. Состаноците на советот на родители ги води претседателот на советот, а за одржаните состаноци се водат записници со дневен ред. Цела документација се чува кај педагогот и директорот на училиштето.<br><br>**1.1.3 Прилагодување на наставните планови и програми за децата со ПОП**<br><br>Училиштето има формирано училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики практики на ниво на училиште. Воспоставени се интерни процедури за спроведување на инклузивна практика: процедура за откривање на ученици со посебни образовни потреби, процедура за изработка и следење на индивидуален образовен план, процедура за грижа на хронично болни лица и лица со физичка попреченост.<br><br>Училишниот инклузивен тим изработува годишна програма и акционен план со активности за секоја учебна година. Главна цел на програмата е да се обезбеди целосно и рамноправно вклучување на учениците со посебни образовни потреби во наставниот и воннаставниот процес, преку создавање на достапна, подржувачка и позитивна училишна клима, која ќе овозможи развој на личниот потенцијал на секое дете. Посебни цели на програмата се: обезбедување на образовна индивидуализирана поддршка на учениците (изработка на индивидуални образовни планови за учениците со попреченост); подобрување на стручната подготвеност на наставниот кадар за работа со ученици со ПОП; развој на инклузивна училишна клима; подобрување на условите за спроведување на успешна инклузија; соработка со родители и заедница.<br><br>Училишниот дефектолог дава соодветна поддршка на наставниците за работа со ученици со ПОП преку организирање на стручни предавања, писмени насоки и препораки, директна поддршка на наставниците во прилагодувањето на наставните планови и програми во склад со потребите на секој ученик кој има потреба од интензивирана поддршка. Голем дел од наставниците по своите предмети ги прилагодуваат наставните планови и програми во склад со потребите и можностите на учениците, а согласно препораките на стручното тело за проценка. Училишниот инклузивен тим ја следи изработката и реализацијата на индивидуалните образовни планови. |

| | |
|---|---|
| | **1.1.4 Избор на наставни предмети**<br><br>Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина. Постапката за избор на наставни предмети се применува со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Учениците ги избираат изборните предмети така што им се доставуваат листови на кои им се понудени сите предмети од кои можат да изберат два предмети со заокружување. Преку изборните програми учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научните области за кои се определиле. Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех.<br><br>Во училиштето се реализираат Содржини програмирани од училиштето. Програми за содржини програмирани од училиштето, одобрени од МОН кои се реализираат во училиштето се следните.<br>- Светско наследство во рацете на младите,<br>- Планирање на кариера,<br>- Подготовка за вработување и работа<br>- Активно барање на работа и презентациски вештини.<br>Постигнувањата на учениците во рамки на овие програми не влијае на нивниот општ успех. |
| **1.2 Индикатор: Квалитет на наставни планови и програми** | |
| • Наставни планови и програми<br>• Глобални, тематски и дневни планирања на наставниците<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештај од годишната програма за реализирани проекти<br>• Еко-стандарди<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од Советот на паралелката | **1.2.1 Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br><br>Меѓуетничката интеграција во образованието е процес кој има за цел да обезбеди еднакви можности за сите ученици, без разлика на нивното етничко потекло, културни особености или јазични различности. Во рамките на наставните планови и програми, во училиштето се реализираат активности кои ја поттикнуваат толеранцијата, почитувањето на различностите и меѓуетничката соработка. Вклучувањето на овие активности во наставните планови и програми е доказ за нивната квалитетна содржина, која не само што пренесува академски знаења, туку развива социјални и етички компетенции кај учениците. Имајќи ја предвид хетерогената структура на ученици во нашето училиште, акцентот на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и различноста помеѓу учениците во контекст на способностите придонесува за формирање на инклузивна и толерантна средина, подготвена за градење на свесни и одговорни граѓани. . |

| | |
|---|---|
| • Записници од Наставнички совет<br>• Записници од Училишен одбор<br>• Записници од Совет на родители<br>• Записници од родителски средби<br>• Извештаи од реализирани предавања и активности<br>• Дневници на паралелката<br>• Годишните програми на активи<br>• Годишна програма со акционен план на активности на училишниот инклузивен тим | **Видови активности кои промовираат мултикултурализам и инклузивност:**<br>Во рамки на наставните планови и програми на часовите се обработуваат едукативни содржини со мултикултурни елементи со цел подобрување на знаењата на учениците за различните култури, религии, традиции, но и сфаќање на важноста од почитување на истите.<br>На часовите на класна заедница, се реализираат активности предвидени во Програмата за Животни вештини. Целта на овие активности е учениците да развијат способности што ќе им овозможат успешно да се справуваат со секојдневните предизвици, да донесуваат здрави и одговорни одлуки и да градат позитивни односи со себе и другите.<br>Согласно програмите за работа на стручните соработници во училиштето се реализираат низа работилници, на различни теми: мултикултурализам, човекови права, толеранција, недискриминација, конфликти, насилство и сл. Преку овие интерактивни активности учениците имаат можност да ги разберат вредностите на еднаквост и почитување, да се поттикне емпатија, меѓусебна соработка, да се зајакне способноста за критичко и креативно мислење. Во контекст на ова, посебен акцент се става на инклузијата на учениците со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем. Училишниот инклузивен тим во рамки на својата програма во текот на учебната годината реализира низа активности насочени кон подобрување на инклузивната клима во училиштето и создавање на клима на прифаќање и недискриминација. Видови активности: инклузивни креативни работилници, одбележување на различни значајни датуми кои се однесуваат на различноста преку едукативни предавања или работилници, активности на вклучување на учениците со ПОП во различни аспекти од училишниот живот и сл.<br>Во текот на учебната година во училиштето се реализираат низа активности од различен карактер кои се насочени кон поттикнување на меѓуетничката интеграција на учениците: културни манифестации, спортски активности, активности од хуманитарен и еколошки карактер. Целта на овие активности е да се развие креативноста, самодовербата кај учениците, чувството на припадност, чувството за тимска работа, меѓусебната поддршка меѓу учениците, но и почитта кон културната разновидност. Учениците во нашето училиште имаат можност да учествуваат во сите активности и настани за кои покажуваат интерес. Тие активно учествуваат во подготовка и реализација на повеќе културни настани: музички и драмски приредби, одбележување на значајни национални денови (Денот на ромската заедница, Денот на мајчиниот јазик, Празникот на Сесловенските просветители, одбележување на Верски празници на различни етнички заедници и сл.). Активно учествуваат во различни спортски настани и турнири кои се организираат на локално ниво и постигнуваат значајни резултати. Екипите вклучуваат ученици од различна етничка припадност. Постигнатите резултати се доказ за високо ниво на тимски дух, толеранција и меѓусебна поддршка помеѓу учениците. |

| | |
|---|---|
| | Реализацијата на овие активности се остварува во соработка со соодветни институции и невладини организации преку заеднички проекти, работилници или едукативни предавања на на теми од областа на мултикултурализмот и етничката рамноправност.<br><br>Сето ова придонесува во училиштето да владее позитивна клима меѓу учениците заснована на меѓусебна соработка, почит и доверба. Појавата на конфликтно однесување и меѓусебна нетолеранција се сведени на минимум.<br><br>**1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и во наставните помагала**<br><br>Наставните планови и програми кореспондираат со карактеристиките на локалната средина бидејќи општина Кавадарци е типично лозарско-винарски крај и со голем број на шумарско - дрвопреработувачки претпријатија. Соработката со локалните партнери е долгорочна и е изразена преку взаемно почитување и разбирање на локалната средина со потребите на образовниот процес од дејностите кои се опфатени во училиштето.<br>Наставниците редовно вклучуваат активности кои се поврзани со економските, културните и природните особености на регионот при што се обезбедува реална примена на теоретските знаења и развивање на практичните компетенции на учениците. Училиштето соработува со локални компании за реализација на практичната настава и со запознавање на учениците со современите технологии и професионални стандарди.<br>Во рамките на стручните предмети од секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство се реализираат бројни стручни екскурзии, теренски часови и посети на локални стопански субјекти со цел да поврзе наставата со практичните аспекти на струката.<br>Видови активности:<br>- Посета на винарски визби и семејни винарии;<br>- Посета на аграрни претпријатија со цел усвојување практични знаења за размножување и нега на растенија,<br>- Посета на земјоделски аптеки;<br>- Посета на тутунски комбинат;<br>- Посета на преработувачко-откупни центри на земјоделски производи;<br>- Редовни земјоделски активности на лозовите насади во рамките на училишната лозова економија и училишниот градинарски пластеник и оранжерија;<br>- Посета на саеми и изложби од областа на земјоделството што овозможува следење на нови трендови и иновации во струката;<br>- Практични активности во училишната винарија во сите етапи и процеси на производство на вино (црвено, бело, розе) и печење на домашна ракија;<br>- Учество во активностите што ги организира Винскиот Музеј на град Кавадарци во соработка со локалната заедница; |

| | |
|---|---|
| | - Учество во манифестацијата Младо Вино;<br>- Редовно одбележување на празникот на лозарите Св.Трифун и учество во локалните настани по повод празникот организирани од локалната заедница.<br><br>Во рамките на стручните предмети од секторот Шумарството и обработка на дрво , се реализирани следните стручни екскурзии, теренски часови и посети на локални стопански субјекти:<br>- Посета на расадници за производство на цвеќе и садници;<br>- Производство на цветен материјал во рамките на практичната настава во училишната ........<br>- Производство на декоративни садници и садници за пошумување<br>- Организирање на работилници за изработка на новогодишни аранжмани во соработка со еко-секциите од основните училишта во градот и пошироко;<br>- Посета на пилани, фабрики за обработка на дрво и изработка на мебел, за практично запознавање со современите технологии во дрвната индустрија;<br>- Посета на саем на мебел што овозможува следење на современите трендови во обработка и дизајн на дрво;<br>- Посета на ловишта и национални паркови;<br>- Активно учество во акции за пошумување во соработка со локалната заедница;<br>- Пошумување во наставно-научна шума Михајлово;<br>- Проучување на шумски еко-систем во локално подрачје (Кожуф, Михајлово, Моклиште);<br>- Активности – Мапирање на шумски подрачја со ризик.<br><br>Во рамките на стручните предмети секторот здравство и социјална заштита, се реализирани следните екскурзии, посети на локални субјекти и активности:<br>- Посета на фармацевтска компанија Алкалоид – Скопје;<br>- Посета на аптеки.<br>- Активности во училишната лабораторија: изработка на маслен спреј од еукалиптус и портокал; изработка на крем, гел и маст од билката гавез; изработка на маст од невен; изработка на балсам за усни со кокос и портокал; изработка на крем и маст од арника; глицерински сапун со мирис на цитронела, ванила, лаванда и лимета; изработка на крем против стареење на кожа збогатен со витамини А,Д,Е, масло од смиљ; изработка на крем од ментол; изработка на крем за раце од масло од семки од грозје и арган;<br>- Хуманитарна акција на учениците во соработка со аптека Св. Пантелејмон и Аптека Бела фарм<br>- Одбележување на значајни датум од секторот здравство и социјална заштита.<br><br>Преку овие активности, наставниците и учениците активно соработуваат со локални фирми, институции и стручни лица, што придонесува за подобра усогласеност на наставата со реалните |

| | |
|---|---|
| | потреби на локалната економија и пазарот на трудот. Овој пристап овозможува учениците да стекнат практични искуства, професионални вештини и поголема мотивација за учење, а училиштето да се афирмира како партнер на локалната заедница.<br><br>**1.2.3 Интегрирање на општите меѓупредметни цели во образованието**<br><br>Севкупен развој на ученикот, односно градењето на сестрана, самоуверена, одговорна и толерантна личност која се грижи за мултикултурното општество и животната средина е цел на сите предмети во рамките на наставните планови и програми.<br>Училиштето во текот на учебната година, и самостојно или во соработка со стручни институции и невладини организации реализира низа предавања и работилници од следните области:<br>- ОЖВ работилници,<br>- Запознавање со кодексот на однесување во училиштето, правата и обврските на ученикот<br>- Значење на редовното следење на настава<br>- Мерки за подобрување на успехот и поведението<br>- Развој на комуникациски вештини/успешна комуникација<br>- Развој на критичко мислење<br>- Спречување на насилство<br>- Конфликти и решавање на конфликти<br>- Социјален и емоцијален развој - емпатија, толеранција, почитување на различности, градење на личен и колективен идентитет, самодоверба и одговорност<br>- Морален развој - свест за општествените, културните и моралните вредности, демократски вредности и почитување на човекови права;<br>- Инклузија и инклузивност<br>- Одржлив развој и грижа за животната средина;<br>- Медиумска писменост;<br>- Значење на здрава храна и редовна исхрана<br>- Превенција од болести<br>- Превенција од пороци<br>- Професионална ориентација на учениците<br>- Одбележување на значајни датуми.<br><br>Интерактивната настава не е само современ тренд туку потреба на образовниот процес во |

| | |
|---|---|
| | 21-ви век. Наставниците користат различни форми и методи на работа: индивидуална работа, работа во парови, работа во група, практична работа, дискусии и дебати, истражувачки задачи се со цел да се поттикне критичко размислување и практични вештини кај учениците и со тоа наставата да биде поинтересна за учениците а воедно придонесува да се остварат меѓупредметните цели. Овој пристап ги подготвува учениците за решавање комплексни проблеми и за успешен личен и професионален развој.<br><br>**1.2.4 Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**<br><br>Образованието на наставниот кадар е клучна во успешната реализација на воспитно-образовниот процес. Квалитетот на наставниот кадар директно влијае на нивото на образовните резултати на секоја индивидуа. За таа цел, наставниот кадар во нашето училиште го следи трендот на постојаното лично и професионално усовршување. Училиштето организира едукативни програми и работилници преку кои наставниот кадар се усовршува пошироко од границите на својата област.<br>Некои од наставниците се автори на учебници по стручни предмети и рецензенти.<br>Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активни методи и техники на учење кои поттикнуваат критичко мислење кај учениците. Наставниците имаат најголема можност да влијаат врз начинот на реализација на наставните програми, бидејќи од нивната креативност, интерес, желба и залагање, користење на ресурсите во училиштето и локалната средина зависи успешната реализација на наставните програми. Учениците можат да влијаат врз наставните планови и програми преку нивната активности заинтересираност и мотивираност. Родителите можат да влијаат на реализацијата на наставните планови и програми преку нивно учество на Совет на родители, родителски средби, со свои предлози и донации. |
| **1.3 Индикатор: Воннаставни активности** | |
| Извор на податоци | Информации |
| • Разговор со директорот<br>• Годишни програми за работа на училиштето<br>• Годишни извештаи за работа на училиштето<br>• Програми за дополнителна и додатна настава | Воннаставни активности:<br>• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставни активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето во работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности<br><br>Наставните планови и програми одобрени од МОН во училиштето целосно се реализираат – како преку редовната настава, така и преку бројните воннаставни активности. Во нив се вклучени сите |

| | |
|---|---|
| • Програми за проектни активности и часови програмирани од училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• • Натпревари и постигнати награди (пофалници, дипломи, благодарници, пехари, медали)<br>• Анкета<br>• Разговор со стручна служба<br>• Весник на училиштето и Facebook профил<br>• Web страна | ученици, во зависност од нивните афинитети и можности, со цел да се поттикне нивната креативност, самостојност и тимска работа.<br><br>Големо внимание во училиштето се посветува на вonнаставните активности, бидејќи преку нив учениците ги прошируваат своите знаења, ги развиваат личните способности и го унапредуваат својот социо-емоционален развој. Наставниците ги следат интересите и достигнувањата на учениците, а добиените информации ги користат за дополнителна мотивација и поттик за нивно активно вклучување во различни активности. Во реализирањето на овие активности активно се вклучени и стручните соработници.<br><br>Придобивките од вonнаставните активности се повеќекратни: учество во одбележување на значајни датуми и манифестации во и надвор од училиштето, проширување на знаењата, правилно користење на слободното време, развој на социјални вештини и соработка. Преку ова учениците го афирмираат својот креативен потенцијал и конструктивно го користат своето слободно време.<br><br>Училиштето има развиена соработка со Локалната самоуправа, јавните установи, стопанските заедници и невладините организации. За одбележување на позначајни датуми, празници и меѓународни денови се реализираат заеднички активности. Со награди и признанија се мотивираат и поттикнуваат учениците да бидат дел од што поголем број активности.<br><br>Во училиштето постојат повеќе секции и форми на вonнаставна работа, преку кои учениците можат да го изразат својот интерес, желба или талент под водство на одговорни наставници. Некои од нив се:<br><br>• Спортска секција – опфаќа активности како ракомет, одбојка, кошарка, фудбал, пинг-понг и гимнастика. Учениците учествуваат на бројни натпревари организирани од општината, спортските здруженија, како и на државни и хуманитарни натпревари со цел поддршка на загрозени семејства и болни лица.<br>• Еколошка секција – посветена на одржување на хигиената, промовирање здрав начин на живеење и чиста средина, како и спроведување активности поврзани со еко-стандардите.<br>• Драмско-рецитаторска секција – преку која учениците ја развиваат својата уметничка изразност и сценска култура. Членовите активно учествуваат во сите училишни и општински приредби и свечености.<br>• Новинарски клуб – ја развива медиумската писменост и критичкото размислување на учениците, им помага на учениците да го развијат својот талентот за пишан збор и |

| | |
|---|---|
| | фотографија, тие се збогатуваат со знаења од областа на новинарството и основните новинарски видови, развиваат комуникациски способности и интеракција, а истовремено кај учениците се поттикнува и желбата за истражување и пишување. Овој клуб реализира соработка со Високата школа за новинарство.<br>• Секција за органско земјоделство – каде учениците се запознаваат со одржливи начини на производство, заштита на природата и современи пристапи во земјоделството.<br>• Еко-дизајн – во оваа секција учениците преку креативна работа учат како да користат рециклирани материјали и природни ресурси за изработка на уметнички и корисни предмети. Целта е развивање еколошка свест, одговорен однос кон природата и чувство за естетика и дизајн. Преку практични активности се промовира идејата за одржлив развој и заштита на животната средина.<br>• Информатика – секцијата им овозможува на учениците да ги продлабочат своите знаења во областа на информатичките технологии. Се запознаваат со различни софтвери, интернет безбедност, програмирање и дигитална комуникација. Активностите придонесуваат за развој на дигитални компетенции неопходни во современото општество.<br>• Планинарска секција – преку оваа секција учениците се запознаваат со основите на планинарството, ориентацијата во природа и значењето на физичката активност. Се организираат едукативни прошетки и еднодневни излети со цел развивање љубов кон природата, тимски дух и почитување на животната средина, поттикнувајќи здрав и активен начин на живот.<br>• Прва помош – секцијата ги едуцира учениците како да реагираат во итни ситуации и да им помогнат на повредени или болни лица до пристигнување на стручна медицинска помош. Учениците учат основни техники на укажување прва помош, како преврзување, имобилизација и реанимација, со што се развива одговорност, хуманост и подготвеност за делување во кризна состојба. Исто така, членовите редовно учествуваат на натпревари по прва помош на општинско, регионално и државно ниво.<br>Како дел од воннаставните активности се реализира и додатна и дополнителна настава по сите наставни предмети, според однапред планирани програми и распоред на часови за секој предмет. |

| | |
|---|---|
| | Планираните екскурзии, наставно-научни и спортско-рекреативни активности, како и традиционалната завршна екскурзија во странство за учениците од трета година, се реализираат согласно усвоените програми кои се составен дел од годишната програма на училиштето.<br><br>Учениците редовно учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари по различни предмети и категории – како од стручните области на училиштето, така и од општо образовните предмети.<br><br>Сите вонннаставни активности кои се реализираат во училиштето поттикнуваат креативност, практични вештини и тимска соработка кај учениците. Постигнатите резултати, активностите и манифестациите редовно се објавуваат на официјалниот *Facebook* профил на училиштето, на профилот на училишниот весник и на веб-страницата на училиштето. |

| **Заклучок и резултати од спроведениот прашалник:** |
| --- |
| |
| **Клучни јаки страни:**<br>– Наставните планови и програми се реализираат во целост, онака како што се пропишани и одобрени од МОН, со внесување на одредени новини од страна на наставниците во рамките на струките.<br>– Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми подготвени од МОН,<br>– Вклученост на наставници во изработката на новите наставни планови и програми преку БРО и ЦССО.<br>– Училиштето преку соодветни медиуми ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми,<br>– Во училиштето се прилагодуваат наставните програми во склад со потребите и можностите на учениците. Изработка на ИОП на ученици со ПОП според можностите и потребите. Поддршка на наставниците во индивидуалните планирања и нивното реализирање и работа со овие ученици од страна на училишниот дефектолог (подобрување на квалитетот на планирањата преку едукативни предавања, обуки и консултации со училишниот дефектолог),<br>– Секој наставник изготвува наставни планови и програми за дополнителна и додатна настава,<br>– Наставните планови и програми им овозможуваат на наставниците слободен избор на голем број активности и употреба на разновидни форми и методи на работа за нивна реализација.<br>– Во наставните планови и програми во училиштето се внимава на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.<br>– Во рамките на наставните планови и програми се интегрираат еко-содржини, МИО активности, активности ??????<br>– Училиштето е во постојан контакт и соработка со Локалната самоуправа, Локалната заедница, Црвен Крст, невладини организации, и други институции во локалната заедница<br>– Училиштето планира и реализира разновидни вонанаставни активности според потребите и интересите на учениците што може да се вброи и како една од најјаките страни во училиштето.<br>– Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои вонанаставни активност ќе учествува,<br>– Преку реализацијата на вонанаставните активности, наставниците го помагаат откривањето на потенцијалот со кои располагаат учениците, можноста за подигање на моралната свест кај учениците кои на тој начин се запознаваат со своите посебни квалитети и способности, а и можноста за афирмација на училиштето на локално ниво, па и пошироко.<br>– Организирање на едукативни работилници и предавања од различни области и теми.<br>– Реализирање на меѓународни проекти и проекти од Програмата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност Еразмус+.<br>– Афирмирање на учениците и училиштето преку вонанаставните активности (проекти, работилници и сл.).<br>– Подобрени услови за настава во земјоделската струка со реновирање и оформување на училишна винарија,во шумарско-дрвопреработувачката струка реновирани и оформени кабинет по ловство,цвеќара.расадник и реновиран и оформен нов кабинет со ЦНЦ ласер Граверка , нова хемиско -фармацевтска лабораторија како и реновирана и целосно опремена со |

видео и информатичка опрема Конференциска сала со што во училиштето се подобрени условите за учење и вон наставните активности.

**Слаби страни:**

- Дел од училниците се класично опремени, потребно е нивно осовременување од материјално технички и нагледен аспект.
- Недостаток на соодветни услови за инклузивна настава од аспект на адаптирање на училниците, наставните материјали и соодветни дидактичко / нагледни средства, за успешна реализација на индивидуалните образовни планови и обезбедување на квалитетно образование за секое дете;
- Користење на традиционална настава од некои наставници - класична настава на одреден број наставници, наспроти интерактивна настава;
- Недоволно обуки и професионален развој на наставниците - особено во делот на инклузивно образование и примена на современи наставни методи.

| |
|---|
| - Објектите за практична настава нудат соодветни услови за реализирање на наставата како за редовната, така и за вон наставната, како што е работата на секциите од стручните предмети, но потребно е постојано доопремување и модернизирање на објектите со што ќе се подобри квалитетот на практичните наставни и вонндаставни активности, што би резултирало со поголема заинтересираност на учениците за струките и профилите кои се опфатени во нашето училиште.<br>- Дополнителната настава не се посетува во задоволителна мера од страна на учениците. Причините за непосетеноста се проблемите со превоз на учениците. |
| **Идни активности:** Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br><br>– Обезбедување на современи дидактички и нагледни наставни средства и помагала;<br>– Континуирана едукација и обуки за наставници за примена на современи облици и форми на интерактивна настава и инклузивни пристапи во образованието;<br>– Обезбедување на ресурсна училница за потребите на инклузивното образование, опремена со соодветни дидактички и нагледни средства во согласност со потребите и можностите на учениците со посебни образовни потреби;<br>– Надминување на традиционалната настава и подобрување на квалитетот на наставата, со користење на современите наставни форми и методи и примена на современи нагледни средства при реализирање на наставата.<br>– Доопремување и модернизирање на објектите за практична настава.<br>– Надминување на проблемот со набавка на учебници по некои наставни предмети кои не се добиени.<br>– Зголемување на соработката со институции и локална заедница со цел аплицирање за проекти и финансиска поддршка од образовни фондови. |

**Самоевалуација на училиштето: СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци Подрачје 2: Постигнувања на учениците.**

| |
|---|
| |
| **Оддели во рамките на подрачјето:** |

2.1 Постигања на учениците

2.2 Задржување/осипување на учениците

2.3 Повторување на учениците

| Документи кои се прегледани | Кои информации се собрани |
| --- | --- |
| Дневници на паралелките од учебната 2023/2024, 2024/2025 годишен план на | Во учебната 2023/24 година во училиштето на почетокот се запишаа вкупно **343** ученици, распоредени во **25** паралелки. Во текот на годината се запишаа уште **3** ученици, а си замина **1.** На крајот на учебната година останале **345** ученици. Од **345** ученици, **327** направо ја завршија соодветната година на образование, **14** ученици беа упатени на поправен испит, а **2** ученици ја повторува годината и **2** ученици беа упатени на класен испит на годината по сите предмети, а 3 ученици само по еден предмет. Од упатените на испит на годината по сите предмети една ученичка ја |

училиштето, пофалници, признанија, награди. Годишните Извештаи на училиштето за наведените учебни години

заврши годината, а другата не се јави на испит. Учениците кои беа упатени на испит на годината по еден предмет, успешно го положија. Сите ученици кои беа упатени на поправен испит успешно го положија и ја завршија годината.

Од вкупно **57** матуранти од Четврти степен 44 ученици положија Државна матура, а 13 положија завршен испит. Од Трети степен за Завршен испит положија 3 ученици. За завршен испит се пријавија и 20 вонредни ученици од IV степен.

Учебната година започна на **1 Септември 2023 г**. Учебната година заврши на **10.06.2024** година. Според календарот за учебната година, на почетокот беа планирани 180 работни денови за I,II и III година, а 166 за завршните класови. Заради одржување на 2 круга на претседателски избори (во работни денови), бројот на работни денови се намали за 2.

| клас | м | ж | вк | наст | од л | мн. доб | доб | дов | со 1 сла ба | со 2 сла би | по вт | класен испит | вкп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I1** | 4 | 15 | 19 | 3,39 | **3** | **5** | **7** | 3 | | 1 | | | 19 |
| **I2** | 4 | 3 | 7 | 3,27 | **2** | **1** | **1** | | **3** | | | | 7 |
| **I3** | 0 | 7 | 7 | 3,13 | **2** | | **2** | | **1** | **2** | | | 7 |
| **I4** | 2 | 10 | 12 | 4,20 | **7** | **2** | **3** | | | | | | 12 |
| **I5** | 5 | 3 | 8 | 3,39 | | **4** | **2** | | **1** | | | **1** | 8 |
| **I6** | 2 | 33 | 35 | 4,74 | **28** | **7** | | | | | | | 35 |
| **I7** | 14 | 7 | 21 | 4,45 | **10** | **11** | | | | | | | 21 |
| **II1** | 7 | 5 | 12 | 3,59 | **2** | **7** | **2** | | **1** | | | | 12 |
| **II2** | 4 | 5 | 9 | 2,71 | | **2** | **2** | **1** | **2** | **1** | **1** | | 9 |
| **II3** | 4 | 5 | 9 | 3,48 | **2** | **1** | **6** | | | | | | 9 |
| **II4** | 3 | 14 | 17 | 3,70 | **2** | **10** | **5** | | | | | | 17 |
| **II5** | 4 | 1 | 5 | 4,02 | | **4** | **1** | | | | | | 5 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II6** | 2 | 32 | 34 | 4,81 | **30** | **4** | | | | | | | 34 |
| **II7** | 11 | 0 | 11 | 4,49 | **7** | **4** | | | | | | | 11 |
| **III1** | 8 | 9 | 17 | 4,01 | **7** | **8** | **1** | | | | | **1** | 17 |
| **III2** | 2 | 1 | 3 | 1,89 | | | | **2** | | | **1** | | 3 |
| **III3** | 3 | 7 | 10 | 3,69 | **2** | **4** | **2** | | **2** | | | | 10 |
| **III4** | 1 | 14 | 15 | 4,23 | **7** | **6** | **1** | **1** | | | | | 15 |
| **III5** | 3 | 0 | 3 | 2,50 | | | **2** | **1** | | | | | 3 |
| **III6** | 5 | 29 | 34 | 4,94 | **34** | | | | | | | | 34 |
| **IV1** | 7 | 2 | 9 | 3,89 | **2** | **5** | **2** | | | | | | 9 |
| **IV2** | 0 | 2 | 2 | 4,06 | **1** | | **1** | | | | | | 2 |
| **IV3** | 2 | 2 | 4 | 4,71 | **4** | | | | | | | | 4 |
| **IV4** | 1 | 7 | 8 | 4,35 | **3** | **5** | | | | | | | 8 |
| **IV5** | 8 | 26 | 34 | 4,86 | **33** | **1** | | | | | | | 34 |
| вкуп | 106 | 239 | 345 | 4,21 | 188 | 91 | 40 | 8 | 10 | 4 | 2 | 2 | 345 |

Учениците направиле вкупно **15902** изостаноци, од кои **14059** оправдани, неоправдани **1843** или во просек по ученик вкупно **46,09** изостаноци. Во однос на претходната учебна година, изостанувањето е намалено за 7,898 %.

Поведението на учениците е дадено во табелата:

| Година на образование | Број на ученици | Примерно | Добро | Незадоволително |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I | 109 | 105 | 2 | 2 |
| II | 97 | 92 | 4 | 1 |
| III | 82 | 69 | 11 | 2 |
| IV | 57 | 56 | 1 | 0 |
| Вкупно | 345 | 322 | 18 | 5 |

Среден успех постигнат на ниво на училиште на крајот од учебната година е **4,21.**

Постигнатиот успех е подобар во однос на претходната учебна година за 1,45%..

За „првенец на генерацијата 2020-24“ е прогласена ученичката **Деспина Тодорова** од IV-5 од здравствената струка. Истакнати се уште двајца ученици како најдобри во својата струка: Љубица Петрова од земјоделско ветеринарната струка и Силјановска Викторија од шумарско-дрвопреработувачката струка.

Учениците учествуваа на повеќе натпревари и освоени се следните награди:

| **Учество на натпревари 2023/24** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| рб | Назив (тип) на натпреварот | Дисциплина | Ученик-учесник | клас | ментор | пласман |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Образовно рандеву-Радовиш | Најдобра реклама | Смилкова Македонка<br>Добринов Благој<br>Димоски Марко<br>Стојанов Миле | III-6<br>III-6<br>II-6<br>III-6 | Ѓоко Тодоров | 7-мо место |
| 2 | Образовно рандеву-Радовиш | Најдобар филм | Лазова Елена<br>Трајков Ѓорѓи<br>Митевски Бојан<br>Јанев Антонио | III-6<br>III-6<br>III-6<br>II-6 | Ѓоко Тодоров | учество |
| 3 | Образовно рандеву-Радовиш | Најдобра фотографија | Стојанов Миле<br>Митевски Бојан | III-6<br>III-6 | Ѓоко Тодоров | учество |
| 4 | Млад дрвосекач – Тетевен Р.Бугарија | Ракување со моторна пила | Алил Исмаилоски<br>Благој Ристов<br>Оливер Митров | IV-1<br>II-1<br>II-1 | Горан Сакалиев<br>Деан Илков | 7-мо место групно<br>3-то место за смена на ланецот (поединечно) |
| 5 | Образовно рандеву<br>Радовиш | Најдобар штанд | Сара Трајкова<br>Керкира Грбиќ<br>Мирадије Алиова<br>Надица Ѓорѓиева<br>Валерија Златева | III-1<br>III-4<br>II-3<br><br>II-3 | Александра Петрова<br>Јасминка Маркова Спиркоски<br>Менча Мајсторова | 3-то место<br>екипно |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Стефанија Ристоска | | | |
| | | 6 | Државен тракторски натпревар<br>Ресен | Заштита на растенијата од болести, штетници и плевели | Бојана Милиќ | III-4 | Глигор Бојков | 1-во место |
| | | 7 | Државен тракторски натпревар<br>Ресен | Размножување на културните растенија<br>-калемење | Славе Цветков | IV-3 | Коце Попов | 3-то место |
| | | 8 | Државен тракторски натпревар<br>Ресен | Земјоделска техника- управување и орање со трактор<br>-Вешто возење | Александра<br>Ѓелова | III-4 | Бошко Настов | 3-то место |
| | | 9 | Државен тракторски натпревар<br>Ресен | Органско Земјоделско Производство | Ангела Самарџиева | IV-4 | Менча Мајсторова | учество |
| | | 10 | Образовно рандеву Радовиш | Баскет 3х3 | Бојана Сапунџиева<br>Лилјана Ѓорѓиева<br>Филип Мицев<br>Филип Димески | I-7 | Дарко Цеков | 4 место |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 11 | Регионален натпревар | Кошарка | II-7 сите ученици<br>Филип Мицев I-7<br>Раде Алексов I-7 | II-7 | Дарко Цеков<br>Марјан Ѓуров | 2-место |
| | | 12 | Меѓународен натпревар ,,млад секач,, Краљево Р.Србија | Вешто ракување со моторна пла | Благој Ристов<br>Оливер Митров | II-1<br>II-1 | Горан Зимоски<br>Роза Тефова | учество |
| | | 13 | општински | Најдобар бизнис план | Марјан Атанасов | III-6 | Горан Зимоски | 2 место |
| | | 14 | Државно првенство - Прилеп | Тенис | Анастасија Ризинов | II-6 | Горан Попов | 3 место |
| | | 15 | Државно првенство - Прилеп | Тенис | Теодора Ефремов | II-6 | Горан Попов | 4 место |
| | | 16 | Општински натпревари | Футсал | Ученици од училиштето | Сите класе ви | Горан Попов | учество |
| | | 17 | Општински натпревар Биологија | Тестирање | Марија Димитриова<br>Марјан Атанасов | III-6 | Наталија Вчкова | Пласман за регионален |
| | | 18 | Регионален натпревар Биологија | Тестирање | Марија Димитриова<br>Марјан Атанасов | III-6 | Наталија Вчкова | Пофалница<br>Пофалница |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 19 | Општински натпревар за Прва помош | Изведување вежби за прва помош | Јована Филипова<br>Стојкова Лариса<br>Анастасија Ризинов<br>Теодора Ефремова<br>Ана Илова<br>Сања Серафимова | III-6<br>III-6<br>II-6<br>II-6<br>I-6<br>I-6 | Наталија Вчкова<br>Валентина Мукаетов | I-место |
| | | 20 | Регионален натпревар за Прва помош | Изведување вежби за прва помош | Јована Филипова<br>Стојкова Лариса<br>Анастасија Ризинов<br>Теодора Ефремова<br>Ана Илова<br>Сања Серафимова | III-6<br>III-6<br>II-6<br>II-6<br>I-6<br>I-6 | Наталија Вчкова<br>Валентина Мукаетов | II-место<br>Теоретски дел |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Образовно рандеву Радовиш | Јавно говорење | Марјан Атанасов | III-6 | Влатко Тасев | II-место |
| 22 | Образовно рандеву Радовиш | Поетска творба | Анастасија Назарова | I-1 | Влатко Тасев | учество |

**Учество на учениците и наставниците во меѓународни проекти во учебната 2023/24**

**6.1. Проект** Градење вештини за одржлив раст:

Примена на вашиот претприемачки потенцијал во земјоделско-прехранбениот сектор

Обука во Атина, на Академија за претприемништво Хефаистос

Учесници 11 ученици и 2 професори (детален извештај во посебен прилог)

**6.2.** Проект реализиран со Гимназија ,,Curt Nikolin", Шведска

и СОЗШУ ,,Ѓорче Петров" Кавадарци како и уште 3 средни училишта од Македонија. Учесници 10 ученици + 2 професори (детален извештај во посебен прилог)

Во рамките на истиот проект се реализира и возвратна посета на ученици од Шведска кај нас (Април 2024)

**6.3.** Други проекти во кои учествуваа бројни наши наставници и ученици во соработка со СППМД и невладината организација „Еко-живот“.

Во учебната **2024/25** година во училиштето на почетокот се запишаа вкупно **371** ученици, распоредени во **25** паралелки. Во текот на годината се запишаа уште **4** ученици, а си замина **13.** На крајот на учебната година останале **362** ученици. Од **362** ученици, **343** направо ја завршија соодветната година на образование, **17** ученици беа упатени на поправен испит, **1** ученик ја повторува годината,**1** ученик беше упатен на класен испит на годината по сите предмети, а 2 ученици само по еден предмет. Упатената ученичка на испит на годината по сите предмети, ги положи сите предмети и ја заврши годината. Учениците кои беа упатени на испит на годината по еден предмет, успешно го положија. Сите ученици кои беа упатени на поправен испит успешно го положија и ја завршија годината.

Од вкупно **77 матуранти** од Четврти степен, во јунскиот испитен рок 61 ученици положија Државна матура, а 6 положија завршен испит. Од Трети степен за Завршен испит положија 5 ученици. За завршен испит се пријавија и 15 вонредни ученици од IV степен. Во Августовскиот испитен рок за Државна матура повторно се пријавија 6 редовни и 2 вонредни ученици. За завршен испит се пријавија 6 редовни и 2 вонредни ученици. Во августовскиот испитен рок, Државна матура положија 5 редовни и 1 вонреден ученик. Завршен испит положија 5 редовни и 2 вонредни ученици. Вкупно во двата испитни рока државна матура положија 66 редовни и 1 вонреден ученик. Завршен испит положија 11 редовни и 17 вонредни ученици.

Учебната година започна на **2 Септември 2024 г**. Учебната година заврши на **10.06.2025** година. Според календарот за учебната година, на почетокот беа планирани 180 работни денови за I, II и III година, а 166 за завршните класови

| клас | м | ж | вк | наст | одл | мн.доб | доб | дов | со 1 слаба | со 2 слаби | повт | класен испит | вкп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-1 | 4 | 13 | 17 | 3.58 | 2 | 8 | 7 | | | | | | 17 |
| I-2 | 4 | 2 | 6 | 3.40 | | 2 | 2 | | 2 | | | | 6 |
| I-3 | 6 | 0 | 6 | 3.15 | | 1 | 3 | | 2 | | | | 6 |
| I-4 | 4 | 17 | 21 | 3.72 | 4 | 8 | 9 | | | | | | 21 |
| I-5 | 2 | 3 | 5 | 2.94 | 1 | | | | 4 | | | | 5 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-6 | 2 | 28 | 30 | 4.66 | 22 | 8 | | | | | | | 30 |
| II-1 | 4 | 13 | 17 | 3.28 | 4 | 3 | 7 | | 1 | 1 | | 1 | 17 |
| II-2 | 4 | 2 | 6 | 3.31 | 2 | | 2 | | 2 | | | | 6 |
| II-3 | 2 | 8 | 10 | 2.89 | 1 | 2 | 3 | 2 | | 1 | 1 | | 10 |
| II-4 | 3 | 12 | 15 | 3.97 | 8 | 2 | 4 | | 1 | | | | 15 |
| II-5 | 4 | 2 | 6 | 3.09 | | 6 | | | | | | | 6 |
| II-6 | 2 | 33 | 35 | 4.72 | 28 | 6 | | | 1 | | | | 35 |
| II-7 | 13 | 7 | 20 | 4.46 | 10 | 10 | | | | | | | 20 |
| III-1 | 7 | 4 | 11 | 3.82 | 1 | 8 | 2 | | | | | | 11 |
| III-2 | 3 | 3 | 6 | 3.46 | 2 | 1 | 1 | | | 2 | | | 6 |
| III-3 | 4 | 5 | 9 | 3.78 | 2 | 4 | 3 | | | | | | 9 |
| III-4 | 3 | 14 | 17 | 4.25 | 5 | 10 | 2 | | | | | | 17 |
| III-5 | 4 | 1 | 5 | 4.20 | 2 | 2 | 1 | | | | | | 5 |
| III-6 | 2 | 32 | 34 | 4.94 | 34 | | | | | | | | 34 |
| III-7 | 9 | 0 | 9 | 4.46 | 4 | 5 | | | | | | | 9 |
| IV-1 | 9 | 9 | 18 | 4.20 | 10 | 6 | 2 | | | | | | 18 |
| IV-2 | 1 | 0 | 1 | 2.00 | | | | 1 | | | | | 1 |
| IV-3 | 3 | 7 | 10 | 3.77 | 2 | 5 | 3 | | | | | | 10 |
| IV-4 | 1 | 13 | 14 | 4.23 | 10 | 2 | 2 | | | | | | 14 |
| IV-5 | 5 | 29 | 34 | 4.98 | 34 | | | | | | | | 34 |
| вкуп | 105 | 257 | 362 | 4.176 | 188 | 99 | 53 | 3 | 13 | 4 | 1 | 1 | 362 |

Учениците направиле вкупно **16070** изостаноци, од кои **13812** оправдани, неоправдани **2258** или во просек по ученик вкупно **44,39** изостаноци. Во однос на претходната учебна година, изостанувањето е намалено за 3,688 %.

Поведението на учениците е дадено во табелата:

| Година на образование | Број на ученици | Примерно | Добро | Незадоволително |
|---|---|---|---|---|
| I | 85 | 74 | 11 | 0 |
| II | 109 | 98 | 6 | 5 |
| III | 91 | 87 | 4 | 0 |
| IV | 77 | 68 | 9 | 0 |
| Вкупно | 362 | 327 | 30 | 5 |

Среден успех постигнат на ниво на училиште на крајот од учебната година е **4,18.**

Постигнатиот успех е намален во однос на претходната учебна година за 0,71%.

За „првенец на генерацијата 2021-25“ е прогласен ученикот **Марјан Атанасов од IV-5** од здравствената струка.

Истакнати се уште двајца ученици како најдобри во својата струка: Дејана Николова од земјоделско ветеринарната струка и Виктор Ристов од шумарско-дрвопреработувачката струка. Беа наградени и 2 ученици со посебни потреби, кои се истакнаа со својот успех и редовноста: Надица Којчева (IV-1) и Петар Мегленов (III-5).

Во училиштето има повеќе секции во кои беа вклучени и работеа ученици што можеа да ги искажат својот интерес,

желба или својот талент .
-Драмско рецитаторска, новинарска, спортска, планинарска, секција за органско земјоделство ,еко-дизајн, информатика, и прва помош

Учениците учествуваа на повеќе натпревари и освоени се следните награди:

| **Учество на натпревари 2024/25** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| рб | Назив (тип) на натпреварот | Дисциплина | Ученик-учесник | клас | ментор | пласман |
| 1 | Образовно рандеву-Кавадарци | Најдобро кратко видео - reels | Лилјана Ѓорѓиева<br>Лилјана Велковска<br>Александра Богојевска | II-7<br>II-7<br>II-7 | Ѓоко Тодоров | 3-та награда |
| 2 | Образовно рандеву-Кавадарци | Најдобра фотографија | Попова Марија | III-6 | Ѓоко Тодоров | учество |
| 3 | Образовно рандеву-Кавадарци | Најдобар штанд | Верица Илиева<br>Драгана Стевановска<br>Марија Попова<br>Софија Кавазова | III-6 | Ивана Андов | 2 -ра награда |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4 | Образовно рандеву - Кавадарци | Најдобар штанд | Анастасија Назарова<br>Марија Лазова<br>Емили Илиеска<br>Георгија Грбиќ<br>Билјана Караѓорѓева | II-1 | Радица Бинова | 2 -ра награда | |
| | | 5 | Образовно рандеву МАССУМ<br>Кавадарци | Најдобар штанд | Дејана Николова<br>Александра Ѓелова | IV-4 | Менча Мајсторова | 2-ра награда | |
| | | 6 | 53-ти<br>Државен тракторски натпревар | Вешто возење женски | Александра Ѓелова | IV-4 | Бошко Настов | 2-ра награда | |
| | | 7 | 53-ти Државен тракторски натпревар | Размножување на културните растенија | Стефанија Ристовска | III-3 | Јасминка Маркова Спиркоски | 3-та награда | |
| | | 8 | Општински натпревар | Англиски јазик | Верица Коцева<br>Невенка Атанасова<br>Филип Димески | I-6<br>I-6<br>II-7 | Сања Ацева | II награда<br>II награда<br>II награда | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | 9 | Регионален натпревар | Англиски јазик | Верица Коцева<br>Невенка Атанасова<br>Филип Димески | I-6<br>I-6<br>II-7 | Сања Ацева | I награда<br>I награда<br>II награда |
| | | 10 | Државен натпревар | Англиски јазик | Верица Коцева<br>Невенка Атанасова<br>Филип Димески | I-6<br>I-6<br>II-7 | Сања Ацева | II награда<br>II награда<br>III награда |
| | | 11 | Општински натпревар | Футсал | Селекција на ученици од училиштето | Цело школо | Горан Попов | I - место |
| | | 12 | Регионален натпревар | Футсал | Селекција на ученици од училиштето | Цело школо | Горан Попов | IV - место |
| | | 13 | Државен натпревар | Стрелаштво | Лина Нојкова | IV - 5 | Горан Попов | I - место |
| | | 14 | Општински натпревар | Кошарка-Машки | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков | I-Место |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Марјан Ѓуров | |
| | | 15 | Општински натпревар | Кошарка-женски | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков<br>Марјан Ѓуров | I-Место |
| | | 16 | Зонски натпревар | Кошарка - Машки | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков<br>Марјан Ѓуров | I-Место |
| | | 17 | Зонски натпревар | Кошарка-женски | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков<br>Марјан Ѓуров | I-Место |
| | | 18 | Регионален натпревар | Кошарка - Машки | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков<br>Марјан Ѓуров | II-Место |
| | | 19 | Регионален натпревар | Кошарка-женски | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков<br>Марјан Ѓуров | I-Место |
| | | 20 | Државен натпревар | Кошарка-женски | | II-7 и III-7 | Дарко Цеков | II-Место |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Марјан Ѓуров | |
| 21 | Државен натпревар | Кошарка баскет 3х3 женски | | II-7 | Дарко Цеков | I-Место |
| 22 | Општински натпревар | Натпревар Биологија | Вчкова Зорица<br>Коцева Верица | I-6 | Наталија Вчкова | III-место |
| 23 | Општински натпревар | Натпревар<br>Прва помош | Теодора Ефремова<br>Анастасија Ризинов<br>Мукаетов Петар<br>Сања Серафимова<br>Ана Илова<br>Никола Петров | III-6<br>III-6<br>II-6<br>II-6<br>II-6<br>II-6 | Вчкова Наталија<br>Валентина Мукаетова | I-место |
| 24 | Регионален натпревар | Натпревар Биологија | Вчкова Зорица<br>Коцева Верица | I-6 | Наталија Вчкова | III-место |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 25 | Државен натпревар | Натпревар Биологија | Вчкова Зорица<br>Коцева Верица | I-6 | Наталија Вчкова | III-место |
| | | 26 | Регионален натпревар | Натпревар<br>Прва помош | Теодора Ефремова<br>Анастасија Ризинов<br>Мукаетов Петар<br>Сања Серафимова<br>Ана Илова<br>Никола Петров | III-6<br>III-6<br>II-6<br>II-6<br>II-6<br>II-6 | Вчкова Наталија<br>Валентина Мукаетова | Учество |
| | | 27 | Образовно рандеву МАССУМ<br>Кавадарци | Најдобар јавен говор | | IV 5 | Владко Тасев | II место |
| | | 28 | Меѓународен натпревар „Млад Дрвосекач“<br>Тетевен-Бугарија | Шумарски дисциплини | Оливер Митров<br>Стефан Којчев | III-1<br>II-1 | Горан Зимоски<br>Роза Тефова | Оливер Митров<br>2-место<br>Брзо Менување |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Ланец<br>3-место<br>Комбиниран<br>Рез |
| | | 29 | Образовно рандеву-Кавадарци | Интервју за работа | Попова Марија | III-6 | Валентина Мукаетов | учество |

| | |
|---|---|
| | **Учество на учениците и наставниците во меѓународни проекти во учебната 2024/25**<br><br>**6.1. Проект – Португалија -** програма Erasmus + 2024-1-MK01- KA121-VET-000207777<br>Обука во Барселос, Португалија од 01-14.11.2024<br>Назив на проектот „Оранжериско одгледување на цвеќиња и лековите ароматични растенија“ (20 ученици 7 професори)<br><br>**6.2. „SPIRIT OF MY REGION“ – Врњачка Бања (Србија)**<br>Програма Erasmus +<br>Период: 06-11.04.2025<br>Учесници ( 2 ученици + 3 професори)<br><br>**6.3.** Проект реализиран со Гимназија ,,Curt Nikolin”, Шведска и СОЗШУ ,,Ѓорче Петров” Кавадарци како и уште 3 средн<br>училишта од Македонија. Учесници 10 ученици + 2 професори<br>Период 04-14.10.2024 год (Норчепинг и Финспонг – Шведска)<br><br>Во рамките на проектот се реализира и возвратна посета на ученици од Шведска кај нас (Декември 2024 и Април 202<br><br>**2.2. Задржување / Осипување на учениците**<br><br>**2023/24** Во текот на годината се запишаа уште 3 ученици, а 1 ученици самоволно го напуштија училиштето или се префрлија во друго училиште.<br><br>**2024/25** Во текот на годината се запишаа уште 4 ученици, а 13 ученици самоволно го напуштија училиштето или се префрлија во друго училиште<br><br>**2.3. Повторување**<br><br>2023/24 - 2 ученик ја повторил годината<br><br>2024/25 - 1 ученик ја повторил годината |

Споредба на изостанувањето со претходни години:

| учебна година | машки | женски | вкупно | оправ | неоп | вкупно | опр/уч | нео/уч | вкп/уч |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005/06 | 279 | 316 | 595 | 28952 | 7747 | 36699 | 48.66 | 13.02 | 61.68 |
| 2006/07 | 257 | 299 | 556 | 24466 | 7234 | 31700 | 44.00 | 13.01 | 57.01 |
| 2007/08 | 253 | 251 | 504 | 19378 | 5493 | 24871 | 38.40 | 10.90 | 49.30 |
| 2008/09 | 226 | 262 | 488 | 22931 | 6768 | 29699 | 47.00 | 13.87 | 60.90 |
| 2009/10 | 222 | 253 | 475 | 30253 | 7960 | 38213 | 63.69 | 16.76 | 80.45 |
| 2010/11 | 212 | 229 | 441 | 30787 | 9725 | 40512 | 69.81 | 22.05 | 91.86 |
| 2011/12 | 197 | 204 | 401 | 26297 | 7228 | 33525 | 65.60 | 18.02 | 83.06 |
| 2012/13 | 176 | 179 | 355 | 24208 | 5982 | 30190 | 68.20 | 16.85 | 85.04 |
| 2013/14 | 142 | 134 | 274 | 21448 | 4794 | 26242 | 78.28 | 17.50 | 95.77 |
| 2014/15 | 123 | 111 | 234 | 19736 | 4052 | 23788 | 84.30 | 17.32 | 101.60 |
| 2015/16 | 123 | 94 | 217 | 15162 | 2777 | 17939 | 69.87 | 12.80 | 82.67 |
| 2016/17 | 98 | 77 | 175 | 15073 | 2379 | 17452 | 86.13 | 13.59 | 99.72 |
| 2017/18 | 95 | 72 | 167 | 12455 | 2133 | 14588 | 74.58 | 12.77 | 87.35 |
| 2018/19 | 92 | 105 | 197 | 10245 | 1396 | 11641 | 52.01 | 7.09 | 59.09 |
| 2019/20 | 95 | 141 | 236 | 6547 | 906 | 7453 | 27.74 | 3.84 | 31.58 |
| 2020/21 | 109 | 157 | 266 | 3019 | 780 | 3799 | 11.35 | 2.93 | 14.28 |
| 2021/22 | 111 | 207 | 318 | 5977 | 1644 | 7621 | 18.80 | 5.17 | 23.97 |
| 2022/23 | 114 | 216 | 330 | 14415 | 2100 | 16515 | 43.68 | 6.36 | 50.05 |
| 2023/24 | 106 | 239 | 345 | 14059 | 1843 | 15902 | 40.75 | 5.34 | 46.09 |
| 2024/25 | 105 | 257 | 362 | 13812 | 2258 | 16070 | 38.15 | 6.24 | 44.39 |

Споредба на успехот со претходните години:

| учебна год | просек |
|---|---|
| 2009/10 | 3.49 |
| 2010/11 | 3.40 |
| 2011/12 | 3.31 |
| 2012/13 | 3.25 |
| 2013/14 | 3.20 |
| 2014/15 | 3.18 |
| 2015/16 | 3.03 |
| 2016/17 | 3.03 |
| 2017/18 | 3.33 |
| 2018/19 | 3.73 |
| 2019/20 | 3.82 |
| 2020/21 | 3.87 |
| 2021/22 | 4.02 |
| 2022/23 | 4.15 |
| 2023/24 | 4.21 |
| 2024/25 | 4.18 |

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Максимална посветеност и несебичната преданост кон работата како и желбата на наставниците за афирмирање на училиштето во општината и надвор од неа преку учеството во разните манифестации, натпревари, проекти ;<br>• Бројот на учениците од година во година расте заради воведување на нови струки и профили (здравствената струка и спортската академија)<br>• Средниот успех на ниво на училиште драстично порасна, како резултат на запишување на одлични ученици во Здравствената струка<br>• Бројот на наградите освоени на државни, регионални и општински натпревари постојано се зголемува<br>• Соработка на наставниците и училиштето со повеќе субјекти како: други училишта, институции, јавни претпријатија и локална самоуправа;<br>• Учество во меѓународни проекти од програмата Еразмус +, размена на ученици со други училишта од странство во рамките на проектите<br>• Додатната настава како и различните секции и учеството на натпревари ги поттикнуваат учениците да ги развијат своите вештини, да стекнат нови навики, знаења и умеења;<br>• Посета на организации сродни со струките со претходно потпишани договори од двете страни<br>• Соработка со родителите<br>• Соработка со стручната служба во училиштето<br>• Училиштето располага со голем број на ресурси<br>• Едно сменска настава<br>• Бесплатна матурска вечер за матурантите<br>• Редовно одржување на бесплатни научно - наставни екскурзии (теренска настава)<br>• Изработка на многу нови производи во фармацевтската лабораторија, производи од школската винарија, производство на садници и пошумување на голините во општината, продолжување со акцијата „Саксија цвеќе за секое прваче во општината“и изработка на дрвна галантерија од дрвопреработувачката струка<br>• Одржување и уредување на школскиот двор<br>• Воведено дуално образование во повеќе профили, а со тоа бројот на стипендисти во училиштето се зголемува, а тоа позитивно и стимулативно влијае врз постигањата на учениците |
| **Слаби страни**<br>Учениците што се запишуваат се со слаб успех, потекнуваат од социјално и финансиски загрозени семејства, како и со ниско ниво на образование;<br>- слаб интерес и мотивација за учење кај дел од учениците;<br>- некои паралелки се со минимален број на ученици<br>- бројот на училници не е соодветен со бројот на паралелки – за едно сменско работење<br>- неможност да се контролира агресивноста кај поедини ученици;<br>- незаинтересираност на родителите и покрај тоа што се уредно поканети од класните раководители, предметни наставници, стручната служба на училиштето, раководниот орган и сл. |

- големи отсуства на дел од учениците, дел од нив континуирано не доаѓаат на училиште извесен период
- носењето на мобилни телефони на час им го одзема вниманието на учениците
- нередовно евидентирање на отсуствата на учениците, ги поттикнува на поголемо отсуство
- различни критериуми на класните раководители при оправдувањето на изостаноците и при оценувањето
- дел од учениците кои често отсуствуваат, доаѓаат во училиште, но не влегуваат во училница

**Анализа на резултатите:**

Успехот на учениците редовно се следи од раководителите на паралелки, кои секогаш ги поттикнуваат учениците за работа, собираат податоци од своите колеги за да на секое тромесечје на Советот на паралелки се разговара за постигнатиот успех . Се решаваат проблемите на кои наишле учениците и се преземаат мерки за подобрување на успехот и поведението.

**Средниот успех на учениците на ниво на училиште расте и го постигна максимумот во учебната 2023/24, а наредната година е забележан минимален пад на успехот (но тоа не треба да загрижува):**

2023/24 среден успех 4,21

2024/25 среден успех 4,18

Трендот на зголемување на средниот успех (паралелно со зголемување на бројот на учениците) продолжува и понатаму, како резултат на подобрената уписна политика на училиштето, односно запишување на голем број на одлични ученици во прва година (во Здравствената струка и во Спортската академија)

. Во училиштето се изведува додатна и дополнителна настава со цел подобрување на успехот на учениците, но сепак потребна е поголема ангажираност на наставниците како и поголем интерес на самите ученици.

Учениците што ја повториле годината може да поднесат жалба според процедурите одредени со Законот за средно образование и Статутот на училиштето( но досега никој не поднел жалба).

**Идни активности Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- одржување на дополнителна настава;(во почетокот не, но покасно кога се согледани нивните слабости, треба да  се одржува дополнителна настава)
- изедначување на критериумите на наставниците при оценувањето
- поголема соработка со институциите (социјални и образовни);
- правење напори за привлекување на повеќе ученици за упис во училиштето
- бесплатни научно-воспитни екскурзии
- поголема соработка со лица од бизнис секторот
- учество на стручни семинари
- учество на наставници и ученици на интернационални стручни семинари и обуки
- поголема соработка со основните училишта ;
- презентирањето на училиштето да започне многу порано
- зајакнување на дежурствата на наставниците –заради зголемениот број на ученици и едно сменското работење
- зголемувањето на бројот на училници треба да го следи зголемувањето на бројот на паралелките
- збогатувањето на училиштето со нагледни средства би ги зголемил интересот на учениците за наставата

**Самоевалуација на училиштето: СОЗШУ “Ѓорче Петров” - Кавадарци    Подрачје 3    Учење и настава**

Оддели во рамките на подрачјето:

3.1 Планирања на наставниците

3.2 Наставен процес

3.3 Искуства на учениците од учењето

3.4 Задоволување на потребите на учениците

3.5 Оценување (како дел од наставата)

3.6 Известување за напредокот на учениците

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени) и Обработка на документи | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| 3.1 Глобални, тематски планови на наставниците кај педагогот. Наставни планови и програми по предмети од ЦСОО, бирото за развој и МОН. Записници од активите. | 3.1За успешна реализација на наставните планови и програми, наставниците изготвуваат глобални, тематски и дневни планирања. Директорот, педагогот вршат континуирано следење на наставата и наставниот процес (по една посета во текот на наставната година, се прави разговор со наставникот за позитивностите и негативностите на часот). Од МОН се врши интегрална евалуација.<br>3.2 За поефикасно планирање на часовите директорот преку бирото за развој образованието, ЦСОО и МОН до наставниците доставува планови и програми по соодветните предмети, како и часовите за содржини програмирани од училиштето (програмите за содржините програмирани од училиштето во стручното ги изработуваат самите наставници во корелација со ЦСОО, но исто така и користат веќе одобрени програми од ЦСОО).<br>3.3 Во активностите на активите во училиштето, професорите на состаноците разменуваат искуства и информации во врска со планирањето, активностите преку годината. |
| 3.2 Дневни распределенија со разни методи на настава. Записници од посета на часови од страна на педагог, директор, ментори. Дипломи, пофалници, медали, пехари освоени од учениците на натпревари. | 3.2 Наставниците имаат сертификати од следењето на обуки за примена на современи техники во наставата и техники за работа со ученици со посебни потреби.(секој наставник има портфолио со сертификати и активностите кои ги извршува во текот на наставната година).<br>За изведување на практичната настава има: лаборатории, оранжерии, пластеник, кабинет по ловство винарија,училишна работилница ,кабинет со ЦНЦ ласер ,цвекара со кабинет,лозова економија и шума со посебна намена во Михајлово. Наставниците редовно посетуваат семинари, обуки. Учениците редовно одат на општински и државни натпревари. |
| 3.3 Записници од наставнички совет, доделени награди на учениците на натпревари, слободни ученички активности, со изложби. | 3.3 Преку практичната настава, вон школските активности и наградување се мотивираат и стимулираат учениците. Истакнување клас со најдобар успех и поведение, графичко презентирање и истакнување на постигнатите резултати по класови се презентирани се на наставнички совет, совет на родители и Училиштен одбор (статистичките и графичките податоци се наоѓаат во годишната програма на училиштето). За патрониот празник, државни празници, одбележување годишнини, денови, презентирање на работата на секциите се организираат презентации и изложби од самите ученици со нивните наставници ментори. Презентирање на резултатите и преку медиуми. |
| 3.4 Дневници, педагошка евиденција. | 3.4 Образовните потреби на учениците се идентифицираат преку разговори на класниот раководител и предметните наставници, преку редовната настава, слободните ученички активности, екскурзии и саеми, дополнителна настава . Во кабинетите се користат |

| | |
|---|---|
| | нагледните средства во наставата, од наставните часови наставниците ги утврдуваат забележуваат способностите и талентот на учениците. |
| 3.5 Дневници, тестови, писмени работи | 3.5 Оценувањето во главно е формативно и сумативно. По поодделни предмети оценувањето се изведува и преку писмени работи, контролни тестови, писмено испрашување, тестови, проектни задачи(усно испрашување имаме секој час во воведен дел од часот, во дискусијата, резимето на часот, во утврдување на тематската целина). |
| 3.6 Дневници, Книга на педагогот за работа и евиденција со ученици и родители. | Информации  за својот напредок учениците добиваат од предметните наставници, кога им се соопштуваат постигнатите резултати од учењето. Класните раководители на класен час го следат напредокот на учениците, ги известуваат, казнуваат, пофалуваат. На секое тромесечје учениците добиваат евидентен лист со успехот кој треба родителите да го потпишат. За родителите вратите на училиштето се секогаш отворени (имаме распоред за прием на родители во одреден ден и час за секој класен раководител, кој е јавно истакнат на огласна табла за учениците и родителите) .Секој класен раководител има одредено ден за прием на родителите. Успехот и поведението им го соопштува класниот, педагогот или  предметен наставник. Во текот на секое полугодие класните одржуваат најмалку 2 родителски средби, или во текот на годината 4. Во функција е и  Е-дневник од каде родителите може да се информираат за успехот и поведението на своите  деца. |

**Самоевалуација на училиштето: СОЗШУ “Ѓорче Петров” - Кавадарци    Подрачје 3 Учење и настава**

Собирање на податоци и кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)
Спроведена е анкета(3,1;3,2;3,3;3,4;3,5;3,6) од 15 прашања во некои паралелките од прва до трета година со15 ученици по случаен избор вкупно 45 ученика.(подрачје на анкетата, 3.1;3.2;3.3.;3.4; 3.5 ; 3.6.)
Спроведена е анкета од 7 прашања за наставниците од сите струки, а беа опфатени со анкетата 30 наставници .
Резултатите од анкетата се дадени во табели .
Разговор со педагог и со наставници, увид годишни и тематски подготовки на наставници, увид во досие на наставниците, увид во дневници.

| **Други методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|---|
| | Педагог Тања Камчева,<br>проф. Божанка Минова,<br>проф. Загорка Ризова,<br>проф. Јасмина Еленова и<br>проф. Даниел Петков. | |

Анкета на ученици, 15 од прва ,15 од втора и 15 од трета година на петнаесет прашања(бројот на учениците беше застапен рамноправно во сите струки) .

| **Прашање** | да | | не | | Делумно/понекогаш | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Дали бројот на наставните предмети и часови е преобемен? | 27 | 60% | 6 | 13% | 12 | 27% |
| 2.Колку слободните активности ви помагаат во наставата? | 8 | 18% | 15 | 33% | 22 | 49% |
| 3.Дали ги известувате родителите за вашиот успех, одржувањето на родителските состаноци? | 43 | 96% | 1 | 2% | 1 | 2% |
| 4. Дали секојдневно носите и користете учебници во наставата? | 15 | 33% | 13 | 29% | 17 | 38% |
| 5. Дали наставниците подеднакво ги стимулираат и мотивираат машките и женските ученици, учениците со различно социјално потекло? | 19 | 42% | 12 | 27% | 14 | 31% |
| 6.Дали компјутерите се користат во наставата ? | 16 | 36% | 23 | 51% | 6 | 13% |
| 7.Дали има стабилна интернет врска во училиштето? | 8 | 18% | 24 | 53% | 13 | 29% |
| 8.Дали во текот на наставата се користат нагледни средства од страна на наставниците ? | 5 | 11% | 17 | 38% | 23 | 51% |
| 9.Дали сте задоволни од работата наставниците за стекнување на знаења од струката што сте ја избрале? | 18 | 40% | 9 | 20% | 18 | 40% |
| 10.Дали во училиштето добивате поддршка за решавање на личните проблеми? | 19 | 42% | 15 | 33% | 11 | 25% |
| 11.Дали во училиштето се чувствувате безбедни? | 25 | 56% | 14 | 31% | 6 | 13% |
| 12.Дали наставниците доволно се ангажираат да ви пренесат знаења од струката? | 25 | 56% | 6 | 13% | 14 | 31% |
| 13.Дали оценувањето од наставниците е реално? | 13 | 29% | 17 | 38% | 15 | 33% |
| 14.Дали наставниците ви даваат повратна информација за вашите остварени постигнувања? | 30 | 67% | 7 | 15% | 8 | 18% |
| 15.Дали вашите родители се запознаени со постоењето на е-дневникот? | 38 | 84% | 4 | 9% | 3 | 7% |

Анкета на наставници опфатени 26 наставници одговараа на седум прашања (беа застапени подеднакво наставниците од општо образовните и стручните подрачја) .

| **Прашање** | да | | не | | Делумно/понекогаш | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Дали како наставник подеднакво ги стимулирате и мотивирате машките и женските ученици, учениците со различно социјално потекло? | 26 | 100% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| 2.Дали често применувате ИКТ? | 12 | 46% | 1 | 4% | 13 | 50% |
| 3. Дали има стабилна интернет врска во училишето? | 4 | 15% | 9 | 35% | 13 | 50% |
| 4.Дали во наставата користите нагледни средства ? | 14 | 54% | 2 | 8% | 10 | 38% |
| 5. Дали како наставник досега сте посетувале семинари од наставата и наставниот процес? | 19 | 73% | 0 | 0% | 7 | 27% |
| 6. Дали училиштето континуирано набавува нагледни средства по соодветните предмети во последните пет години? | 10 | 38% | 3 | 12% | 13 | 50% |
| 7. Дали како наставник досега сте биле наградени, пофалени јавно и транспарентно за вашата работа? | 9 | 35% | 8 | 30% | 9 | 35% |

Резултати:

**Клучни јаки страни**

(сумираните резултати се собрани на едно место)

Наставниците изготвуваат глобални, тематски планирања и дневни подготовки. .Во активностите на активите во училиштето, наставниците на состаноците разменуваат искуства и информации во врска со планирањето. За изведување на практичната настава има: лаборатории, винарија, училишна работилница ,цвеќара со кабинет ,кабинет со ЦНЦ ласер,кабинет по ловство информатички кабинет, оранжерии, пластеник, лозова економија , наставна шума во Михајлово. Сите училници и кабинети се опремени со компјутери.Наставниците редовно посетуваат семинари, обуки и добиваат сертификати за своето усовршување. Наставниците подеднакво позитивно ги насочуваат машките и женските ученици без разлика на различното социјално потекло. Во училиштето се врши посета на часови од страна на директор и стручната служба. Успехот на учениците графички се презентира и истакнува на наставнички совет, совет на родители и училиштен одбор. За патрониот празник, државни празници, одбележување значајни денови, се презентира работата на секциите со изложби од самите ученици, се овозможува задоволување на образовните потреби на учениците преку секциите. Дискриминација меѓу учениците нема. Процентот на ученици кои секојдневно носат и користат учебници во наставата е добар. Наставниците редовно им даваат повратна информација на своите ученици за своите постигнувања. Родителите секогаш имаат можност да се информираат за напредокот на своето дете. Секој класен раководител има ден за прием на родителите. Информација за успехот на ученикот може да се добие од Е-дневникот..

**Слабости**

(слабите страни се наведени и сумирани)

По некои предмети нема издадено учебници, на наставниците им го отежнува планирањето и изведбата на часовите. Немање начини и критериуми за оценување на учениците со различни способности. Непостојаност на интернет конекција во одредени делови во учулишната зграда.

| |
|---|
| **Анализа на резултатите:** |
| Наставата во училиштето се одвива според Наставните планови и програми (усвоени) од МОН. Наставниците редовно и постојано ги усовршуваат и проширувaат знаењата и креативноста во наставата со следење на семинари, курсеви, проекти. Наставниците соработуваат со училишта во земјата и надвор од неа. Потребна е понатамошна училишна поддршка на наставниците за нивно континуирано професионално и образовно надградување. Креативноста на учениците во полна мера доаѓа преку слободните активности за кои учениците немаат многу време заради преобемноста на часови од наставните предмети.<br>(овој дел се сумирани резултатите од работата на тимот) |
| **Идни активности:** Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето. Да се изнајде начин за набавка на лаптопи за наставниците за кои во современиот начин на функционирање им стана едно од приоритетните основни средства за работа. Современи или применливи материјали за учење за учениците. Мотивирање на учениците преку слободни активности, екскурзии. Покренување акција за изготвување на проекти преку кои ќе се зголеми дисциплината кај учениците и одговорноста кон исполнување на нивните обврски дефинирани преку Законот за средно образование и сите донесени подзаконски акти. Соработка со организации за вработување на завршени ученици, соработка со локална самоуправа за зголемување на безбедноста на учениците.<br>Ова е заклучок од работата на тимот во самото подрачје) |

**Самоевалуација на училиштето: СОЗШУ “Ѓорче Петров” – Кавадарци  Подрачје:  4. Поддршка на учениците**

**Оддели во рамките на подрачјето:**

4.1.Севкупна грижа за учениците

4.2.Здравјето и пост-конфликтните трауми

4.3.Советодавна помош на учениците

4.4.Следење на напредокот

**Самоевалуација на училиштето: СОЗШУ “Ѓорче Петров” - Кавадарци Подрачје: 4. Поддршка на учениците**

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени (и) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Статут на училиштето (4.1)<br>Годишна програма на училиштето (4.1)<br>Дневници на паралелките (4.4) | Запишувањето на ученици во нашето училиште е по нивен слободен избор. Нашата цел е тие ученици кои се определиле за наставните планови за еден од застапените профили , се чувствуваат згрижено, пријатно и безбедно, без разлика на нивниот пол. Во училиштето работи солиден кадар, секој соодветен и стручен во својата област. Изградени се ефективни форми и активности од страна на наставниот кадар, се во функција на благосостојбата и напредокот на учениците. Сите наставници подеднакво се однесуваат и кон машките и кон женските деца и не постои никаква подвоеност на учениците според пол, националност или интелектуални способности. |
| Кодекс на однесување (4.1)<br>Записник од одржани состаноци со родители (4.4) | Уште со првото зачекорување на учениците во просториите на училиштето, ги запознаваме со распоредот на просториите, како и со работата и функциите на поодделни служби кои работат во училиштето. Многу битна работа е запознавањето на децата со “кодексот на однесување” односно еден вид правила и начела на однесување на учениците во училиштето и надвор од него. На тој начин учениците се запознаваат со своите права но и обврски кои произлегуваат со запишувањето во нашето училиште.<br>Веднаш на почетокот на секоја учебна година се свикува родителски состанок со родителите на учениците од прва година. Целта на таквите состаноци е родителите да се запознаат со начинот на функционирање на училиштето, со наставните планови за струките, со работата на педагошката служба како и можноста да соработуваат со наставниците. На таквите состаноци обично после завршувањето, родителите можат насамо да разговараат со раководителот на паралелката во врска со здравјето или евентуалните проблеми кои ги има детето, а кои се битни за натамошниот развој на тоа дете. |
| Медицинска документација (4.2) | Во училиштето се води целосна грижа за ученикот, како за неговото здравје, така и за неговото напредување во образовната и воспитната дејност. Секоја учебна година се спроведуваат бесплатни систематски прегледи за сите ученици од I и IV година. Тие прегледи имаат за цел да ја констатираат здравствената состојба на учениците или да откријат евентуални здравствени проблеми кај нив. |

| | |
|---|---|
| | Оние ученици што имаат здравствени проблеми, со мислење на нивниот лекар, се ослободени од поголеми физички напори на часовите по физичко и здравствено воспитување како и на практичната настава. Но, истите тие ученици задолжително мораат да присуствуваат на таквата настава, иако активно не учествуваат заради здравствените проблеми. Ако ученикот поради здравствената состојба мора да отсуствува подолго од настава (над 200 изостаноци), тогаш наставничкиот совет го упатува на испит на годината, се разбира ако сето тоа е поткрепено со медицинска документација. |
| Дневници на паралелките (4.4)<br>Записници од совет на паралелка и од наставнички совет (4.4)<br>Евидентни листови (4.4)<br>Ранг листи, табели (4.4) | Училиштето го следи напредокот на учениците во текот на школувањето. Обврска на учениците е редовно да доаѓаат на училиште и да не изостануваат без некоја поголема причина. Но и покрај тоа некои ученици изостануваат од училиштето. Секое отсуство на учениците (оправдано или неоправдано) се бележи во дневникот на паралелката и раководителот на паралелката води евиденција по месеци за секој ученик. Таквата евиденција е достапна за сите наставници, педагогот, директорот, а се разбира и за ученикот и неговиот родител или старател. За учениците кои нередовно доаѓаат на училиште и имаат голем број на неоправдани изостаноци, на наставнички совет се изрекуваат педагошки мерки. Педагошката служба писмено или телефонски ги известува родителите и ги повикува заедно со нивните деца на разговор. Сите изостаноци се внесуваат во евидентните листови кои што се водат за секој ученик. Евиденцијата што се води за секој ученик поодделно, и се користи за анализи и за подобрување на наставата .<br>Врз основа на податоците кои се доставуваат до наставнички совет, педагогот и директорот, компјутерски се изработуваат ранг листи, табели и графикони за успехот и поведението на сите класови и се истакнуваат на огласни табли во училиштето. Истакнувањето на вакви податоци на видни места има за цел кај учениците да се поттикне натпреварувачкиот дух. Се разбира најдобрите ученици се пофалуваат јавно, се наградуваат со книги или бесплатни екскурзии, со цел да ги поттикнат така да продолжат, а послабите да го следат нивниот пат. |
| Записници од книга на дежурства на наставници (4.1)<br>Записници од книга на дежурни ученици (4.1) | За редот, дисциплината и безбедноста на учениците во објектите на училиштето задолжени се сите наставници и самите ученици. Во текот на наставата (едно сменска), дежураат по 8 наставници и своите забелешки ги внесуваат во Книга на дежурства. За време на часовите дежураат лица од помошниот и техничкиот персонал |

| | |
|---|---|
| | Во објектите за практична настава секогаш се присутни наставникот по практична настава.<br><br>Во состав на учебниците по практична настава постојат задолжителни наставни содржини кои се однесуваат на заштитата на учениците при работа со определени машини. Досега нема забележано случај на повреда на ученик при ракување со некоја машина или инструмент. Меѓутоа, за предупредување на учениците и нивна заштита, во училиштето има поставено знаци за предупредување: знак за електрична струја, знак за искрење и обележани места за противпожарни апарати. На часовите по практична настава учениците користат заштитни средства: облека, наочари, заштитна капа, ракавици и штитници за уши. |
| Дневници на паралелките (4.4)<br>Записници од родителски состаноци (4.3)<br>Педагошка евиденција (4.3) | На класните часови се обработуваат теми поврзани со сексуалноста на младите, заштитните средства, несаканите бремености, малолетничките бракови и слично. Се организираат и стручни предавања на истите теми. Стручните теми ги реализираат наставниците, но и стручни лица. (лекари, психолози).Но и покрај сите активности се случуваат несакани бремености кај малолетничките во нашата средина. За бременоста дознаваме многу доцна, бидејќи од страна на ученичките секогаш се држи во најголема тајност. Но скоро секогаш класниот раководител за веста дознава пред родителите. Секогаш инсистираме родителот веднаш да биде известен и веднаш стапуваме во контакт со едниот родител. Преку отворен разговор им препорачуваме во договор меѓу родителот и ученичката заедно да одлучат како ќе заврши бременоста. Училиштето им обезбедува услови на таквите девојки да продолжат со образованието се додека бременоста го дозволува тоа. Бремените девојки се ослободени од физички активности на часовите по физичко воспитување и на практичната настава. Дел од нив стапуваат во брак и го прекинуваат школувањето, а некои од нив со наша помош го продолжуваат. |
| Писмени вежби (4.4)<br><br>Обука во кариерен центар (4.4)<br><br>Презентација на поодделни факултети (4.4) | Професионалната ориентација на учениците е многу важен фактор за иднината на секој млад човек. Иако училиштето е средно-стручно и на некој начин веќе учениците имаат некои свои визии за иднината, сепак во училиштето се обрнува големо внимание на професионалната ориентација. Педагошкиот тим изработува тестови за интелигенција според кои ученикот може професионално да се ориентира. |

| | |
|---|---|
| | На часовите по македонски јазик и литература или како тема на писмениот дел од завршниот испит, многу често се обработува темата “Мојата струка-моето идно занимање”. На таа тема и многу често се разговара на класните часови.<br><br>Секоја учебна година во второто полугодие училиштето организира претставување на многу високошколски установи од земјата и надвор од неа. На таквите презентации учениците добиваат информации за наставните планови на повеќе факултети.<br><br>Во состав на практичната настава учениците посетуваат многу фирми поврзани со дејност слична на струките што се застапени во училиштето. Таму на лице место се запознаваат со производниот процес во тие фирми, како и со работните задачи на секое работно место. Тоа во иднина би им послужило при вработувањето, по завршувањето на образованието. |
| Евидентни листови (4.4)<br><br>Преведници (4.1) | Училиштето дозволува испишување на ученици во текот на учебната година, но со претходна согласност на родителот/старателот. Исто така постои можност за запишување на ученици што се испишале од друго средно училиште. Многу е поголем бројот на учениците кои доаѓаат во училиштето, отколку на оние кои се испишале.. При преминот од едно во друго училиште се подготвува соодветна документација за ученикот. Во зависност од терминот кога ученикот се испишува/запишува постојат повеќе или помалку податоци. Секогаш е потребна преведница што ја издава училиштето од кое ученикот заминува, со сите податоци за струката и предметите кои ги изучувал ученикот, како и евентуалниот успех по предмети и бројот на изостаноци. Потребна е и ученичка книшка со слика на ученикот, како и евидентни листови од претходните и тековната учебна година. Во случај кога нема доволно податоци за ученикот што доаѓа во училиштето, тогаш директорот контактира телефонски со компетентни лица од неговото претходно училиште.<br><br>Кога учениците ја менуваат средината во текот на летниот распуст , тогаш запишувањето се врши според свидетелствата од претходната година. Според статутот на училиштето не се примаат ученици во IV година, од училишта со различни струки. За сите ученици кои доаѓаат од друго средно училиште задолжително е полагањето на диференцијални испити. |

| **Собирање на податоци (и) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| 4. Разговор со ученици и родители за тековни проблеми | Наставници:<br>Касапинова Наталија<br>Тефова Роза<br>Коцева Тодорка<br>Станоев Коле<br>Илков Деан | Физичките и емоционалните потреби на машките и женските деца се скоро слични. Постои разлика кај емоционалните потреби кои што почесто се изразени кај женските деца, но се разбира постојат и кај машките. Проблемите и потребите најлесно се дијагностицираат преку директен разговор со учениците или со нивните родители. Најчесто разговорот е со раководителот на паралелката, а по потреба се вклучува педагогот, психологот, дефектологот, директорот или професионално стручно лице надвор од училиштето. Во врска со емоционалните потреби се организираат и предавања на класен час или други предавања од стручни лица организирани од училиштето.<br><br>Социјални потреби и проблеми има. Учениците доаѓаат од различни социјални средини, па кај некои од нив тие проблеми се поизразени. Понекогаш во соработка со Црвениот крст им се доделуваат прехранбени артикли и облека.<br><br>Како составен дел за што поуспешно решавање на проблемите на учениците, се изготви прашалник во кој беа опфатени прашања околу различните видови на дискриминација на учениците, Со овој прашалник беа анкетирани **56 ученици** од прва до четврта година. Резултатите се дадени во број и процент. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ** |

| Прашање | Најчесто | Во најголем дел | Понекогаш | Не |
|---|---|---|---|---|
| На часовите по одделни предмети се чувствува полова дискриминација | 2 или 3,5% | 7 или 12,5% | 16 или 28,5% | 30 или 53,5% |
| Училиштето е безбедна и пријатна средина | 14 или 25% | 26 или 46,4% | 10 или 17,8% | 1 или 1,8% |
| Наставниците се однесуваат со почитување | 18 или 32,1% | 31 или 55,3% | 14 или 25% | 1 или 1,8% |
| Педагошката служба нуди поддршка за решавање на личните проблеми | 20 или 35,7% | 14 или 25% | 16 или 28,5% | 2 или 3,5% |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Во училиштето владее позитивна клима, која е резултат на компактниот колектив и несебичното залагање на вработените во воспитувањето и образувањето на младата генерација.
- Сеопфатна грижа за учениците од запишувањето па се до завршувањето.
- Подеднаков третман на сите ученици без разлика на полот, националноста или интелектуалните способности.
- Комуникацијата наставник-ученик, наставник-родител, педагошка служба-родител-ученик е на високо ниво.
- Редовна контрола на здравјето на учениците преку систематски прегледи
- Систематско следење на напредокот на учениците и нивно поттикнување за постигнување на повисоки резултати.
- Организирање на предавања поврзани со пороците на денешното време: алкохол, пушење и дрога, како и предавања за сексуалноста на младите, хигиената и кодексот на однесување во училиштето и надвор од него.
- Навремена реакција на наставниот кадар при појава на злоставување на учениците во семејството и надвор од него.
- Вклучување на учениците во вonнаставни активности, спортски натпревари, трибини, се со цел повеќе време да поминуваат згрижени во училиштето.

**Слабости**

- Состојбите во општеството се рефлектираат и врз емоционалната состојба на учениците, што понекогаш доведува и до нивно неоправдано отсуствување од настава.

| **Анализа на резултатите:** ***Севкупна грижа за учениците (4.1)*** |
|---|
| Работевме и се развивавме непрекинато и успесите на нашите ученици не храбрат да продолжиме понатаму. Анкетите покажуваат дека на родителите им се допаѓа климата и атмосферата што владее во училиштето. Најголем дел од нив потврдија дека нивните деца добро се вклопиле во училишната средина. Задоволни се и од работата на наставниците и од работата на педагошката служба. За подобрување на професионалното работење на наставниците потребно е едуцирање од сите области што се однесуваат на воспитно - образовниот процес. Информираноста за напредокот на нивните деца е на високо ниво, но и дека таа директно зависи од самите нив. Учениците се задоволни од односот на своите наставници и не се чувствуваат дискриминирано по никоја основа. Како потврда на тоа е што многу малку ученици сакаат да го напуштат училиштето и да продолжат во друго средно училиште. Нашите ученици не се изолирани од секојдневните проблеми што важат општо за сите млади во државата но тие се присутни во многу мал дел во училиштето како што се пушење, алкохолизам, дрога и др. па затоа потребна е стратегија за борба против девијантните појави.<br><br>Училиштето е со голема традиција и со големи амбиции. Остварувањето на амбициите секогаш е поврзано со ентузијазмот на вработените, но и со финансиските можности. Училиштето треба да се обновува постојано и секогаш треба да ги следи модерните текови кои ги бара современата настава!<br><br>Некои струки се единствени во земјата и многу ученици од други општини доаѓаат во нашето училиште. Затоа нашата одговорност е уште поголема и мораме на сите ученици подеднакво да им обезбедиме современи услови за следење на наставата. Практичната настава е многу важен сегмент во средните стручни училишта. Акцентот на осовременувањето можеби треба тука да го ставиме.<br><br>Во шумарството, земјоделството и дрвопреработувачката дејност се појавуваат посовремени алатки и машини. Тие новини училиштето мора да ги следи. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>• Изготвување на стратегија за борба против девијантните појави.<br>• Усовршувањето на наставниците треба да биде главен императив.<br>• Осовременување на објектите за практична настава со современи машини и алати.<br><br>. |

**Оддели во рамките на подрачјето:**

5.1 Училишна клима и односи во училиштето.

5.2 Промовирање на постигнувањата.

5.3 Еднаквост и правичност.

5.4 Соработка со родителите и со локалната заедница.

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(и) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Закон за средно образование, Упатство за начинот на изрекување педагошки мерки во јавните средни училишта, записници од одржани родителски средби во дневниците, записници од класни и наставнички совети и во експериментална фаза – електронскиот дневник. Правилник за педагошка евиденција</td><td>Поведението и дисциплината во нашето училиште претставуваат најголем приоритет на целиот наставен колектив и раководството. Поведението кај учениците се базира врз основа на изостаноци (оправдани и неоправдани) кои се бележат и евидентираат во дневниците, главните книги заведени од класните раководители од прва до четврта година и во електронскиот дневник. Изостаноците обично се прават поради: здравствени, семејни, социјални проблеми, недолично однесување на час, индиферентност и одбивност на наставниот час, а поретко од страв од повторување, тестирање, писмени вежби итн. Со смалување на поведението се нарушува и дисциплината кај учениците изразена преку: довикување, недолично ученичко седење, дремливост, мобилни телефонски јавувања итн. Сите овие горенаведени појави кај дел од учениците и класовите во целина го нарушуваат поведението и дисциплината на часот кај машки или женски ученици и ученици со различно етничко потекло.<br><br>Како мерки за подобрување на истите се следниве:<br>а) задолжителна примена на упатството за начинот на изрекување на педагошки мерки во јавните средни училишта.<br>б) активно вклучување на главните субјекти во училиштето: директор, педагог, класни раководители, наставници и родители;<br>в) чести телефонски јавувања и лични контакти на класните раководители со родителите изразени понекогаш и преку домашни посети;<br>г) испраќање на писма, препорачани известувања за големиот број изостаноци;<br>д) задолжителни родителски средби, работни состаноци со претседателите на класовите и органите на училиштето.<br>ѓ) постојани сменски дежурства од по двајца наставници на спрат со цел да се одржи редот и дисциплината за време на одморите во училиштето,<br>е) стимулативни мерки за добрите класови и солидните ученици изразени преку пофалби, симболични награди на класните и наставничките совети.<br>ж) Известување на родителите преку СМС и е-маил пораки.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Покани до надворешни лица, покана до градоначалникот и советот на општината;<br><br>Покани до деканите на земјоделски и шумарски факултет;<br><br>Покани до стопанско - производните претпријатија од нашиот град и пошироко.<br><br>Покани до медиумите РТК, КТВ, дописници на Дневник, меморандуми за соработка | Нашето училиште со оглед на образовниот кадар што го има како стручно училиште има континуирана соработка и е отворено за многу надворешни лица, пожелни за соработка, контакти и др. Најчесто имаме соработка со сите средни училишта од нашиот град и пошироко(ГРМ од Ново Место, Шумарска школа од Краљево, СШ „Свети Трифун” Александровац, Пољопривредна школа Сомбор) Соработка имаме и со високо образовните институции, Земјоделски и Шумарски факултет која е континуирана и редовна( при организирање на манифестации имаме редовни посети од нивна страна на нашето училиште, а оствaруваме и образовно, стручни и едукативни контакти). Нашето училиште остварува соработка со стопанско- производните субјекти од нашиот град и пошироко, со локалната самоуправа, невладини организации и невладиниот сектор и соработка со електронски и печатени медиуми со цел целосна афирмација и промоција на нашето училиште. |
| Извештај од проектните активности<br><br>Дипломи,<br>пофалници,<br>благодарници,<br>пехари и др.<br>Флаери и проспекти за промоција на нашето училиште | Постојат многу аспекти кои заедно како наставен колектив заедно со учениците, не прават да бидеме горди на нашите училишни постигнувања.<br><br>- Високо развиената теоретска и практична едукација и наобразба што ја добиваат учениците во нашето училиште.<br>- Безрезервна поддршка од страна на директорот и обратно кон наставниот кадар на нашето училиште со цел постигнување севкупен успех на нашето училиште на било кое поле и афирмација на истиот.<br>- Многубројните проектни активности што ги има училиштето добиено и имплементирано за модернизација и осовременување на наставно - образовниот процес во училиштето и опремување со нова земјоделска механизација за земјоделската струка и реална компанија- модерна оранжерија за шумарската струка.. Сите овие донации се остварени од проектни активности.<br><br>Горди не прават посебно остварувањата на нашите ученици на сите можни образовни, културни, спортски натпреварувања и учества( квиз натпревари, модни ревии, Тиквешки гроздобер, саем на вино, турнири во фудбал, атлетика и т.н.). Преку мотото на нашето училиште “Денес ученик- Утре стручњак” сите сме горди на нашето училиште.<br><br>Нашето училиште се гордее со личните постигнувања и одликувања на сите ученици (момчиња и девојчиња) вклучувајќи ги и оние со послаби способности за учење со тенденција за уште поголем понатамошен напредок. |

| | |
|---|---|
| | Директорот и целиот наставен колектив многу работат и се ангажираат за промоција на личните постигања на нашите ученици кои ги оствариле на бројни натпревари од општо образовната дејност, стручни натпревари (тракторски натпревари, шумарски натпревари); културно - уметнички натпревари и учества изразени преку модните ревии, ликовни колонии, музичките хепенинзи и спортските натпревари (во фудбал, кошарка, атлетика и др.).<br>Свое учество земаат и се натпреваруваат и учениците со послаби способности за учење. Училиштето пред завршување на учебната година врши промоција и на матурантите. Оваа година, нашето училиште учествуваше на стопанско - туристичката манифестација „Тиквешки гроздобер” и со посебни активности, во соработка со локалната самоуправа учениците и вработените во СОЗШУ “Ѓорче Петров” го одбележаа. Исто така се одбележа и Свети Трифун и закројувањето на виновата лоза. Со поетско читање во Кавадарци беше одбележан меѓународниот ден на мајчиниот јазик. Настанот беше во организација на јавната општинска установа библиотека „Феткин”, градоначалникот и кавадаречкиот општински Совет. Средношколци од земјоделско шумарското училиште „Ѓорче Петров” читаа извадоци од текстови поврзани со овој настан. СОЗШУ зеде учество и на Образовното рандеву на кое беа постигнати високи резултати. |
| Дневници на паралелките, формулар за стипендија на средношколци Роми. | Нашето училиште подеднакво ги третира сите ученици кои учат во училиштето и не се прави полова, расна, верска, национална дискриминација. Кодексот на постигнување и однесување во нашиот училиштен центар е ист за сите ученици вклучувајќи ги машки и женски, ученици со посебни образовни потреби и учениците декларирани со различно етничко потекло. Вработените во училиштето се залагаат за целосни права и слобода во однос на воспитно образовната дејност и училиштето сестрано ги отвара вратите за контакти, соработка, комуникација, вклучувајќи ги учениците во низа проектни активности. На пример наши наставници се и ментори на ученици - Роми за нивно стипендирање па затоа можеме да кажеме дека сите вработени од нашиот училиштен центар се залагаат и работат на обезбедување еднаквост и правичност кај учениците. |
| Дневници на паралелките, покани за разни училишни манифестации. | Училиштето постојано ги поттикнува родителите да се вклучуваат во образованието на своите деца, да влијаат позитивно врз нив, да бидат блиски со нив, да ги мотивираат за редовно следење на наставата и да ја подигнуваат свеста и културата при однесувањето во училиштето и надвор од него. Во тој контекст училиштето им нуди на родителите активно партиципирање и вклучување во органите на училиштето, покана за одржување на повеќе родителски средби во текот на учебната година заедно со класните |

| | |
|---|---|
| | раководители и учениците, покана до родителите од страна на директорот и наставниците на сите образовни, културни, спортски манифестации во кои учествуваат и се натпреваруваат нивните деца; при организирање на екскурзии и патувања за запознавање со истите и секако и најважно, вклучување на родителите со свои предлози и сугестии за поквалитетна образовна програма наменета за нивните деца- ученици. |
| Дневници на паралелките,<br><br>Покани за родителски средби,<br><br>Поединечни советувања на родителите со педагогот на училиштето | Најчеста комуникација помеѓу училиштето и родителите се телефонски јавувања и контакти на класните раководители до родителите на учениците за лични средби во училиштето со цел запознавање со состојбата во училиштето во однос на редовноста, дисциплината, успехот на нивните ученици и мерките за подобрување на истите. Исто така на овие средби на родителите им се даваат информации за училишниот центар и неговите развојни проектни активности, информации за органите на управување и кодексот на однесување во училиштето, учебните капацитети т.е. кабинетската настава, опременоста на училиштето со нагледни средства и помагала за успешно изведување на теоретската и практичната настава, за нашите производни површини и работилници, соработката со средните училишта, градоначалникот и локалната самоуправа, невладиниот сектор, електронски и печатени медиуми и за соработката на нашето училиште со производно - стопански субјекти од градот и пошироко. |
| Упат за практична настава и за феријална пракса<br><br>Записници од стручните активи; | Соработката на нашето училиште со локалните стопански организации се изведува добро и солидно. Наши ученици изведуваат феријална, професионална и практична настава во стопанско-производните организации од нашиот град: АД. “Гоце Делчев”; ЈП “Македонски шуми”; ЈП “Тиквешко поле”; и локалните аптеки. Посебна деловна соработка имаме со ВВ “Тиквеш” од Кавадарци. На културно поле имаме соработка со Музеј-Галерија- Кавадарци; спомен дом во с. Ваташа; градска библиотека “Феткин” , Дом на култура и др. Градоначалникот и локалната самоуправа т.е. советот на општината секогаш ни излегуваат во пресрет на нашите барања и ни помагаат во подобрување на практичната настава, преку вклучување на учениците во озеленување, подобрување на училишната инфраструктура и во голем број проектни активности.<br><br>Нашето училиште со пазарот на работна сила има неформални контакти. Имајќи во предвид дека нашето училиште е стручно училиште каде што учениците добиваат покрај теоретското и практично оспособување од земјоделската и шумарско дрвопреработувачката, како и од здравствената струка. |

| | |
|---|---|
| | Слободно можеме да кажеме дека нашето училиште соработува со фабриките и со локалните стопански организации врз основа на усмен договор при што најчесто на учениците им се издава упат заферијална пракса во онаа фирма каде нашите ученици извршуваат практични работни операции.<br><br>Учениците пред секое започнување на изведување на практичната настава, редовно се запознаваат претходно со теоретски часови за дадената област, во своите кабинети  училници каде што им се презентира видео материјал за определени работни процеси, а потоа со практичната и професионалната пракса тие и практично се обучуваат за изведување на работните процеси (калемење на овошни дрвца, кроење на лозови насади при нашата училишна економија, производство на бели и црвени вина и ракија за сопствени потреби, изработка на дрвен инвентар, цветни аранжмани за декорација од шумарската струка и др).<br><br>За таа цел во училиштето имаме и инструктори за практична настава. Училиштето располага со објекти за изведување на практична настава опремени со наставни средства и помагала карактеристични за струките кои се изучуваат во нашето училиште. Развојот на науката и технологијата во областите кои се изучуваат во поодделните струки ја наложува потребата од доопремување и осовременување со модерна технологија, се со цел идните кадри да бидат квалитетно оспособени за директно вклучување на пазарот на работната сила. |
| Училиштен е-маил<br><br>Покани за манифестации, | Училиштето има одлична соработка остварена преку постојани средби и контакти, најпрвин на директорско ниво помеѓу сите средни училишта во нашиот град и пошироко. Соработката се остварува преку бесплатниот интернет кој што е инсталиран во нашето училиште. Соработката продолжува преку посети и учества на наши ученици на меѓу училишни натпревари, од било кој аспект на организација. Остварени посети при училишни манифестации од страна на другите средни училишта во градот и пошироко организирани од нашето училиште (патронен празник, реални компании- оранжерија, нова земјоделска механизација- донација од европска агенција за реконструкција) и возвратни посети на наши ученици и наставници на нивни средношколски манифестации. Исто така имавме и соработка на база на проектни активности и учество на наставниот кадар на заеднички семинари, советувања од МОН и Бирото за развој и на други проектни активности. |

| Собирање на податоци и кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Прашалник за наставниците (вкупно 43) | Владко Тасев,<br>Милка Манчева<br>Гордана Н. Стојчева, Маргарита Делова и<br>Ивана Андов | Односот помеѓу наставниците во нашето училиште се базира на взаемно почитување.<br>Заклучокот е донесен врз база на прашалникот за наставници, каде што: 53,5% се изјасниле дека взаемното почитување е **ДА**, 39,5% се изјасниле дека взаемното почитување е **делумно** и 7% дека **нема** взаемно почитување. Анкетирани се вкупно 43 наставници.<br>Односот помеѓу наставниците и учениците во нашето училиште се базира на взаемно почитување<br>Заклучокот е донесен врз база на прашалникот за наставници, каде што: 55,8% се изјасниле дека взаемното почитување е **ДА**, 44,2% се изјасниле дека взаемното почитување е **делумно** и 0% дека **нема** взаемно почитување. Анкетирани се вкупно 43 наставници. |
| Прашалник за ученици (вкупно55) | Владко Тасев,<br>Милка Манчева<br>Гордана Н. Стојчева, Маргарита Делова и<br>Ивана Андов | Односот помеѓу наставниците и учениците во нашето училиште се базира врз взаемно почитување.<br>Заклучокот е донесен врз основа на прашалникот за учениците, каде што: 69,1% се изјасниле дека взаемното почитување е **ДА**, 29,1% се изјасниле дека взаемното почитување е **делумно** и 1,8% дека **нема** взаемно почитување.<br>Дали наставниците еднакво ги третираат сите ученици?<br>Заклучокот е донесен врз основа на прашалникот за учениците, каде што: 36,4% се изјасниле дека наставниците еднакво ги третираат сите ученици, 36,4% се изјасниле **делумно** и 27,3% дека наставниците не ги третираат еднакво сите ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Дали се чувствуваш етнички дискриминиран?<br><br>Заклучокот е донесен врз основа на прашалникот за учениците, од кој што може да се види следното:1,8% се изјасниле дека се чувствуваат етнички дискриминирани, 12,7% се изјасниле **делумно** и 85,5% дека не се чувствуваат етнички дискриминирани.<br><br>Дали наставниците имаат рамноправен однос кон двата пола?<br><br>Заклучокот е донесен врз основа на прашалникот за учениците, од кој што може да се види следното: 60% се изјасниле дека наставниците имаат рамноправен однос кон двата пола, 21,8% се изјасниле **делумно** и 18,2% дека наставниците немаат рамноправен однос кон двата пола.<br><br>Како се однесуваат учениците кон оние ученици кои имаат попречен психофизички развој?<br><br>Заклучокот е донесен врз основа на прашалникот за учениците, од кој што може да се види следното: 67,3% се изјасниле дека учениците кон оние ученици кои имаат попречен психофизички развој се однесуваат многу коректно,29,1% се изјасниле **делумно коректно** и 3,6% некоректно. |
| Интервју со ученици | Влатко Тасев,<br><br>Милка Манчева<br><br>Гордана Н. Стојчева, Маргарита Делова и<br><br>Ивана Андов | Во нашиот училишен центар, континуирано низ целиот наставен процес во учебната година се следи состојбата дали сите ученици добиваат еднаков третман. Оваа прашање го поткрепуваме редовно преку извршените анкетирања во класевите од сите години кои најчесто неколку пати ги вршиме во текот на учебната година. Тие се засноваат на тоа, дали професорите имаат еднаков третман спрема сите ученици, дали има еднаквост, рамноправност и почитување.<br><br>Една таква анкета извршивме со ученици кои имаат различен етнички состав, кои на поставените прашања дадоа релативно конструктивни и позитивни одговори во однос на тоа како училиштето следи сите ученици да добиваат еднаков третман. |

## Резултати:

**Клучни јаки страни**

- Взаемно почитување, висок професионализам и коректност во извршувањето на работните задачи во наставно- образовниот процес од страна на вработените во колективот.
- Односот со наставник- ученик е коректен и се базира врз основа на взаемно почитување и разбирање.
- Во нашето училиште не постои поделба или дискриминација на учениците по полова, верска или етничка основа.
- Нашето училиште има традиционално добра соработка со стопанските субјекти од општината и пошироко, со локалната самоуправа, невладините организации, медиумите и др.

**Слабости**

- Слабата социо-економска моќ на родителите за подобра вклученост во организирањето на активностите во училиштето.
- Недоволно нови и современи воспитно-образовни содржини што ќе делуваат на продлабочување на етичката свест и етосот во училишната средина.

## Анализа на резултатите:

Нашето училиште овозможува еднакво образование за сите, без никакви предрасуди. Односот меѓу наставниците и меѓу наставниците и учениците во нашето училиште се базира на взаемно почитување, колегијалност и принципиелност во извршувањето на зададените и поставените работни задачи во воспитно образовниот процес. Исто така учествуваме во изработка на заеднички проектни активности од општо образовната, земјоделско-ветеринарната и шумарско - дрвопреработувачката струка.

Во изминатите години бевме вклучени во: E-SCHOOL, USAID – Secondary Education Activities, Erasmus+ и др. Реално можеме да кажеме дека во нашето училиште постои хармонизиран однос помеѓу учениците од ист или од различен пол или различно етничко потекло. Сето ова го поткрепуваме со ученичко другарство, меѓусебна комуникација и соработка, учество на сите ученици на разни манифестации што ги организираат училиштето и другите субјекти во градот. Во нашето училиште има изградено позитивен кодекс на однесување меѓу учениците со различни способности или различни пречки во умствениот и физичкиот развој и кои учат кај нас во многу мал број. Во нашето училиште најголеми приоритети на воспитно поле на целиот наставен колектив ни претставуваат поведението и дисциплината на учениците. За таа цел нашето училиште презема мерки за задолжителна примена на упатството и начинот на изрекување на педагошките мерки во јавните средни училишта, активно вклучување на сите главни субјекти во училиштето, чести телефонски јавувања и контакти на класните раководители со родителите, испраќање на писма, задолжителни родителски средби за информирање во однос на поведението, дисциплината и успехот на нивните деца- ученици.

Нашето училиште е отворено за многу надворешни лица со кои истото соработува за подобро изведување и усовршување на наставниот процес како стручно средно училиште и профилирање на млади, едуцирани кадри . Имаме отворена соработка со сите средни и сродни училишта од нашиот град и пошироко низ РСМ и други земји, соработка со високошколските образовни институции. Соработката се проширува и остварува и со стопанско- производните субјекти од нашиот град и пошироко, со локалната самоуправа, со невладините организации и соработка со електронските и печатените медиуми се со цел целосна афирмација и промоција на нашето училиште. Горди не прават посебно остварувањата на нашите ученици на сите образовни, културни, спортски натпреварувања и учество во многубројни модни ревии, ликовни колонии, квиз натпревари, турнири во фудбал, кошарка и атлетика, стручни и општо образовни натпреварувања, Тиквешки Гроздобер, саем за вино и др.

Преку мотото на нашето училиште „**ДЕНЕС УЧЕНИК - УТРЕ СТРУЧЊАК’’** сите сме горди на нашиот училиштен храм.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Договори за деловно техничка соработка со деловни субјекти од општина Кавадарци и пошироко.
- Модернизација на објектите за изведување на практичната настава.
- Применување на современи воспитно-образовни содржини што ќе делуваат на продлабочување на етичката свест и етосот во училишната средина

Прилог:

## Прашалник за наставници – ЕТОС:







## Прашалник за ученици – ЕТОС






3. Дали се чувствуваш етнички дискриминиран?
55 responses




4. Дали наставниците имаат рамноправен однос кон двата пола?
55 responses




5. Како се однесуваат учениците кон оние ученици кои имаат попречен психофизички развој?
55 responses



**Оддели во рамките на подрачјето:**

6.1.Сместување и просторни капацитети

6.2.Наставни средства и материјали

6.3. Персонал

6.4. Развој на персоналот

6.5. Финансиско работење на персоналот

| **6.1 Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| 6.1<br>• Шематски приказ на училиштето<br>• Скица со податоци од зградата и посебни делови од зградата<br>• Извештај од санитарната инспекција | Училиштето располага со адекватни училници, (33)заеднички простории и санитарни простории и тоа: училници-кабинети во подрум 6 кабинети; приземје-13 кабинети; спрат-14 кабинети со вкупна површина од 792,21м2; од кои 1 кабинет е пренаменет во енолошка лабораторија,1 кабинет (училница) во хемиска лабораторија, сала за физичко образование 98,29м2 со 2 соблекувални-м и ж со површина вкупно 24,95м2,нова спортска сала со вкупна површина од 350м2; 5 ходници со вкупна површина од 719,33м2, 2 магацина (за земјоделство и домаќин) со вкупна површина од 26,93м2, 1подстаница-парно 19,80м2, 1винотека-52,54м2, 1архива-13,03м2, 1кујна-13,68м2, 6канцеларии и тоа:1 наставничка канцеларија со површина од 55,04м2, 5 канцеларии (директор, педагог, секретар, дефектолог, психолог) со површина од 54,83м2, 1библиотека-16,77м2, 1читална-54,68м2, 5 санитарни простории-112,08м2, 3 гаражи-18,85м2, дворна површина од 31,52м2, површина за изведување пракса(Смаилица од 23,4088ха,лака на Црна река 7ха). На површината за изведување на практичната настава (Смаилица) учениците од земјоделско-ветеринарната струка изведуваат практична работа и феријална пракса на лозовиот и поледелскиот насад. Во склоп на училиштето е направен декоративен ботанички парк - Страшо Пинџур со површина од 14350м2.Исто така училиштето располага и со пластеник, две оранжерии со површина од386м2, училишна дрвопреработувачка работилница-180м2, декоративен расадник за садници и цвеќе-9000м2, школска економија Глишиќ-2226м2, ниско стеблена шума Љубаш-159817м2, наставно научна шума Михајлово- 360000м2 каде исто така учениците од шумарската и дрвопреработувачката струка изведуваат практична настава и феријална пракса.<br>Капацитетите се користат оптимално во рамките на можностите.<br>Санитарните јазли се реновирани (2тоалета за наставници и 4 тоалети за ученици).Исто така извршена е реконструкција на подовите, ходниците, скалилата, ѕидовите во ходниците (глетување и фарбање со цокле) како и реконструкција на кровот и фасадата, поставено е и лед осветлување. Прозорците сите се сменети, додека на приземјето се сменети 9 врати со нови врати а не сменети се 8, на спратот сменети се 12 врати со нови врати а не сменети се 7.Во подрумскиот дел не се сменети 6 врати. Сменети се уште и влезната врата на приземјето, холот, канцеларијата и вратите на канцелариите на директорот и секретарот. |

| | |
|---|---|
| | Извршена е и набавка на систем за видео надзор и осветлување. Исто така изведено е и хортикултурно уредување на дворот со павер елементи и реконструкција на патеката со павер елементи, озеленување на училишниот двор и поставување на систем за наводнување, како и набавка на мотокултиватор за обработка на површините во училишниот двор-леи, ботаничка и агроботаничка градина. Поставена е асфалтна патека и е изведена реконструкција на оградата на училишниот двор. Направена е исто така и реконструкција на чуварата, реновирана е и помошната училница во училишниот двор, но потребно е  да се реновираат и другите помошни училници во училишниот двор за потребите на одвивањето на наставата како и училишната оранжерија. А потребно е  и да се реновираат помошните простории на училишната лозова економија Смаилица. Исто така треба да се изврши и доградување на училиштето со нови училници и кабинети бидејќи во наредните 3 години ќе недостасуваат училници за струките во училиштето. |
| 6.2<br><br>- Пописна листа<br>- Требувања<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Наставни планови и програми<br>- Записник од секој актив<br>- Записник од посета на часови | Училиштето располага со соодветна стручна литература и наставни помагала за наставниците, графоскопи, телевизори, видеа, ДВД, дијапроектори, ЛЦД проектори, компјутери, но ги нема во доволен број  за да можат да располагаат сите со нив(графоскопи – 1 во функција ,10 телевизори во функција ,1 радиокасетофон,1 видеорекордер, 2 ДВД- во функција , 2 дијапроектори, 4 лаптопа;3 ЛЦД проектора,10 камери за видео надзор;30 куќишта за компјутери, 30  монитори, тастатури 30. Има набавено вкупно 12 комплети компјутери. Има 12 штампачи а се набавени и 2 печатачи во боја,1 печатач со скенер и 1 ласерски печатач и фотокопир. Набавени се и 25 модели по биологија како и12 постери  во боја исто по биологија за потребите на учениците од здравствената струка и 19 анатомски слики. Набавени се исто така и 3 клими и 1 стара како и 12 прочистувачи на воздух. Набавени се 1 кафемат,2 фрижидери  и 3 греалки. Исто така набавени се и врата еднокрилна-1 комоди-2,бироа-2,правосмукалкаSamsung 1800w-1,вариолајт ролетни 64,панелни радијатори-2,ласер машина-1,телевизорAndroid Smart ST-43BH7800-1,конференциски столчиња-45,1-Лап топ HP340S G1(2023г).Во 2024 г набавено е Камера IMOU CUE 2D wireless-1, внатрешна врата-Mensen-1, апарат за вода MUHLER, Лап топи ASUS-2,телевизори ST-4, телевизори NB ACER-2,електричен бокал,автомобил-1-Sparkase Lizing. Во текот на 2025 год. набавено е и Hikvision DS-далечинска контрола-1,камери-2 IMBOU by Dahua и рефлектори-4. Приложените податоци се земани од пописната листа на училиштето и книговодството.<br>Училишната библиотека располага со вкупно18 555 книги од секаква област, учебници има 8762,лектири 2224, стручна литература 2896 и постара( од 1972 год) белетристика 3490,како и списанија1191, но во однос на понова стручна литература не ги задоволува потребите на учениците. Библиотеката работи од 1968година. |

| | |
|---|---|
| | Со записник поднесен од секој актив се утврдуваат потребите од наставни средства и помагала согласно со годишната програма за работа и планот за набавки во текот на годината. Со записник од посета на часови училиштето ја следи ефективната и ефикасната употреба на наставните средства и материјали и практичната настава. |
| 6.3<br><br>- Тетратка за дежурство на наставници<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Матична евиденција<br>- Основни податоци<br>- Интервју | Целиот персонал ( машки и женски) е редовно присутен на работа според прописите. Одговорната служба врши проверка и ја следи и обезбедува присутноста на персоналот. Се води евиденција за отсутните наставници и секогаш се одржувани часовите со соодветна замена.<br>Персоналот е стручен(висококвалификуван) и со работно искуство повеќе години.<br>Вкупно вработени се 61. Сите се Македонци. Од нив (61) 25 се мажи а 36 се жени од кои вкупно наставници се 46 (19 мажи од кои 2 м-магистри и 1 доктор и 27 жени-2 ж – магистри, и 2 докторки), 1 директор(1ж),1 секретар (1м),3 стручна служба (педагог,психолог,дефектолог-3 ж од кои 1 магистер), сите се со високо образование вкупно 51 и вкупно 10 помошен персонал и соработници по практична настава. Од соработниците по практична настава вкупно(3) се со 5ти степен, од кои 1ж и 2 м. Од помошниот персонал вкупно 7( 4ж и 3м.),6 се со средно образование (3ж и 3 м) и 1ж е со 5-ти степен.<br>Училиштето има стратегија за ангажирање на персоналот а тоа се состои во соработка со повисоките институции во правење на програми и планови и учество на наставниците во нив. Исто така се врши и оценување со посебно водење на досие за сите наставници. |
| 6.4<br><br>- Набљудување на час со записници од педагог и директор<br>- Увид од БРО<br>- Записници од состаноци на стручните активи<br>- Записници од состаноци на советот на родители<br>- Покани за семинари<br>- Програма за работа со приправници<br>- Интерни семинари | Стандардизиран систем за следење и оценување на работата на наставниците за сега не постои, но е во подготовка.<br>Работата се следи со посета (набљудувања) на часови од страна на директор и педагог и потоа следи разговор за самиот професионален развој на наставникот. Исто така работата се следи со посета на инспектор од БРО преку увид во планирањето и реализацијата на наставните планови и програми преку постигнатиот успех на учениците како и преку учеството на ученичките натпревари.<br>Училиштето им дава поддршка на наставниците за подобрување на своите стручни способности преку овозможување на услови за посета на семинари, обуки на наставниот кадар за изработка на проекти.<br><br>Училиштето ги следи наставниците-приправници преку менторот во соработка со педагогот, ги упатува, им помага во изработката на наставните планови и програми кои се изработени (дадени) од страна на центарот за стручно образование, подготовките за наставниот час, како да ги извршат своите работни обврски и на кој начин. |

| | |
|---|---|
| 6.5<br>- Книговодствена<br>- евиденција<br>- Закон за средно образование<br>- Записник од наставнички совет<br>- Записник од состаноците но училишниот одбор<br>- Записник од состаноците на советот на родители | За да може финансиското работење да биде добро спроведувано и контролирано треба да биде добро испланирано, организирано преку екипирање, раководење и контролирање и добро имплементирано (работено согласно законите на  финансиските прописи).<br>За училишниот буџет и трошоците се информира училишниот одбор со претставници од наставниот кадар, советот на родители, локална самоуправа и претставници од МОН. Информациите за училишниот буџет се достапни до родителите преку нивниот претставник во училишниот одбор и истиот се доставува до локална самоуправа за разгледување и одобрување. Планирањето на финансиските средства и работењето на училиштето ги изготвува согласно своите потреби по активи. |

| |
|---|
| **Собирање на податоци (и) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања)**<br>1.За ученици<br>2.За родители<br>3.За вработени и наставници |

| **Други методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** |
|---|---|
| 1.Прашалник за ученици<br>(дали наставниците се однесуваат со почит кон учениците?)<br>вкупно 50 ученици<br>одговориле 49<br>(дали се задоволни од примената на нагледните средства и помагала во училиштето?<br>вкупно 50 ученици<br>одговориле 49 | Мајсторова Менча(професор)<br>Попов Коце(професор)<br>Керов Горан(професор)<br>Попов Горан(професор<br>Велковски Горан(професор)<br>Гркова Оливера(професор) |
| 2.Прашалник за родители (дали сте задоволни од работата на наставниците во училиштето?)<br>вкупно 50 родители<br>одговориле 47<br>(дали сте запознаени со наставните планови и програми на училиштето?<br>вкупно 50 родители<br>одговориле 47 | Мајсторова Менча(професор)<br>Попов Коце(професор)<br>Керов Горан(професор)<br>Попов Горан(професор)<br>Велковски Горан(професор)<br>Гркова Оливера(професор) |

| | |
|---|---|
| 3.Прашалник за вработени и наставници<br><br>(дали сте информирани за финансиското работење на училиштето?)<br><br>вкупно 50 анкетирани<br>одговориле 50<br><br>(дали училиштето е опремено со наставни средства и помагала?<br><br>вкупно 50 анкетирани<br><br>одговориле 50 | Мајсторова Менча(професор)<br><br>Попов Коце(професор)<br><br>Керов Горан(професор)<br><br>Попов Горан(професор)<br><br>Велковски Горан(професор)<br><br>Грковa Оливера(професор) |

## Резултати:

**Клучни јаки страни**

-Стручноста на персоналот и неговата квалификациона способност.

-Отвореноста на училиштето за соработка.

-Редовноста и ангажирањето на персоналот во изведбата на работните обврски.

-Заемно почитување на наставниците и учениците.

**Слабости**

-Доопремување на материјално-техничките средства и помагала.

-Доградување на училиштето со простории-училници и кабинети.

-Немање доволно простории за изведување на практичната настава во текот на зимските месеци.

-Немање правилник за наградување на професорите и стандарден систем за следење и оценување на нивната работа

-Транспарентност во финансиското работење на училиштето.

**Анализа на резултатите:**

Училиштето располага со адекватни кабинети, заеднички простории и санитарни простории со вкупна површина од 2154,53м2 училиштен и ученички простор, располага со спортски терени (3) со површина од 6500м2,со полигон за обука на ученици со површина од 2500м2,со повеќе школски објекти за изведување на практичната  настава на учениците со вкупна површина од 153,5609ха.Постоечките капацитети се користат оптимално од страна на вработените во училиштето. Санитарните јазли  подовите, ходниците, скалилата се реновирани ,прозорците се сменети, а исто и прозорците на кабинетите, Уреден е и хортикултурно училишниот двор од предната страна на училиштето ,а исто така реконструиран е и кровот и фасадата. Во поголем дел сменети се и вратите на учлниците во стариот дел од приземјето и катот и неколку врати од новиот дел на спратот. Набавени се повеќе телевизори и лап топови за потребите на наставниците и учениците.

Во однос на наставните средства и помагала во најголем дел се задоволени потребите на наставниците но не целосно а во однос на финансиското работење на училиштето одговорено е дека делумно се задоволни. Во однос на прашалникот за учениците одговориле дека во најголем дел се задоволни од примената на нагледните средства и дека наставниците се однесуваат со почит кон нив. Во однос на прашалникот за родители, тие во најголем дел се запознаени со наставните планови и програми и дека во најголем дел се задоволни од работата на наставниците во училиштето.

Училишната библиотека има 18 555 книги од секоја област, но во поглед на стручната литература и книги не ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Потрошниот материјал се набавува редовно и воглавно ги задоволува потребите на училиштето. Потребите од наставни средства и помагала се утврдуваат според планот за потребните набавки во текот на годината, и според годишната програма за работа на училиштето која е направена според записници од секој актив.

Целиот персонал е редовно присутен на работа. Ретко има отсуства пр: болест и секогаш има соодветна замена. Персоналот е високо квалификуван со повеќе години работно искуство. Има 61 вработен од кои 51 се со високо образование. Сите се Македонци. Стратегијата  за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации е во случај кога има приправници. Им се  искажува признание на наставниците за нивниот ангажман, но училиштето треба да донесе правилник за наградување и тоа да биде што е можно повеќе транспарентно и реално во наградувањето.

**Идни активности:  Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Изготвување на правилник за наградување на вработените за нивниот ангажман и поголема транспарентност во финансиското работење на училиштето.
- Доградување на училишниот двор како и доградување на училиштето со нови простории-училници и кабинети.
- Доопремување на училниците( кабинетите) со компјутер за наставникот и ЛЦД проектор.
- Реновирање на помошните простории (канцеларија, магацини и гаражи) на училишната лозова економија и реконструкција на училишната оранжерија.

**Самоевалуација на училиштето: СОЗШУ “Ѓорче Петров” – Кавадарци Подрачје:7.Раководство, креирање политика**

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Закон за средно образование<br>Статут на училиштето<br>Правилник за систематизација на работни места<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Програма за работа на директорот<br>Програма за работа на УО<br>Деловник за работа на УО<br>Записничка книга од состаноци од УО | Раководен орган е директорот и е одговорен за законитоста во работа на училиштето и за неговото материјално–финансиско работење. Орган на управување е училишниот одбор. Истиот се состои од 12 членови (11+1) и тоа: 4 претставници од наставниците, 3 претставника од родителите, 3 претставника од основачот (Локална самоуправа) и по еден претставник од МОН и деловната заедница (Стопанска комора на РМ-без право на глас). Во истата има правична родова застапеност на мажи и жени.<br>Надлежностите за управување и за административните задачи се јасно дефинирани во одредбите од Законот за средно образование, Статутот на училиштето (надлежности на директор чл.93.....до чл.107; надлежности на Управен одбор чл. 84 ...до чл.93; надлежности на наставници и др. стручни соработници чл.73..до чл.84) и Правилникот за систематизација на работните места и истите се почитуваат и се извршуваат во нашето училиште.<br>Постапката за изборот на членовите на УО е во согласност со законските одредби.<br>УО работи согласно неговите надлежности и има деловник за работа.<br>На седниците редовно учествуваат претставниците на родителите. Директорот ги образложува секогаш одлуките и заклучоците кои треба да се донесат на седницата на УО. При анализата се констатира дека оваа година е конституиран нов училишен одбор со членови од страна на основачот и наставнички совет. Директорот има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од структурите во училиштето. |

| | |
|---|---|
| Записници од одржани состаноци на УО,<br>записници од одржани состаноци на стручните активи,<br>записници од Наставнички совет, записници од Совет на родители,<br>Записници од раководен тим<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Програма за работа на директорот<br>Програма за работа на УО | Раководните органи редовно одржуваат состаноци според потребата на училиштето за разрешување на различни видови на проблеми и донесување на одлуки од интерес на училиштето и локалната самоуправа (Состаноци на УО, наставнички совет, совет на родители, совети на паралелките, состаноци со стручните активи и други видови на договорни состаноци). Седниците на органите се редовни по програма и според планираните активности и вонредни според потребата од разрешување на значајни прашања од областа на тековното функционирање.<br>(директорот, помошник директорот , педагогот, претседателите на стручните активи)<br>Редовноста ја поттикнува директорот, кој го обезбедува присуството на наставниците на овие состаноци.<br>Во училиштето сега постојат стручни активи и тоа: актив од земјоделско-ветеринарна струка, актив од шумарско-дрвопреработувачка струка, актив од здравствена струка и активи од општо-образовни предмети и тоа природно-математичко подрачје, јазично подрачје, општествено-хуманистичко подрачје, спортски актив,<br>На овие состаноци членовите на активите ги изнесуваат своите идеи, задачи и тековни проблеми од својата област, и на овие состаноци тимски се изнаоѓаат решенија за проблемите, се анализираат извештаи од реализирани планови, а понекогаш се консултираат и надворешни субјекти (стопански или правни), стручни соработници и експерти, разни институции како што се факултети и институции.<br>Што се однесува до училишниот одбор, тој се свикува редовно по потреба заради одредени проблеми или цели, а истиот го свикува Претседателот на УО, писмено со покани со однапред утврден дневен ред и материјал за состанокот во зависност од потребите и проблемите на училиштето на состанокот се води записник кој е траен документ.<br>Членовите на УО (согласно законот), се запознати со обврските на УО но за нивно поактивно учество и донесување на квалитетни одлуки потребна е обука за нивната улога во училиштето во делот на креирањето на политиката за управување.<br>Исто така посебни записнички книги се водат и за состаноците на Наставнички совет ,Совет на родители и Совет на паралелките. Сите документи навремено се доставуваат до архивата на училиштето. |
| Развоен план за развој на<br>Средно Општинско Земјоделско Шумарско Училиште<br>“Ѓорче Петров” – Кавадарци | Согласно Законот за средно образование ,средните училишта донесуваат програма за развој. Постапувајќи по законот СОЗШУ ,,Ѓорче Петров,, има донесено програма за развој во периодот 2025-2028 година. Во конкретниот развоен план се дефинирани четири стратешки цели со динамика за негова реализација. Планирани се следните стратешки цели.<br>Подобрување на условите за изведување на теоретска и практична настава во училиштето.<br>Подобрување на квалитетот на наставата. |

| | |
|---|---|
| | Зголемување на нивото на соработка со родителите, локалната заедница и стопанските субјекти. Зголемување на бројот на ученици кои се образуваат во училиштето. Анализирајќи ги целите се утврдува дека се опфатени сите ресурси и услови кои се потребни за реализирање на квалитетна настава. За негова реализација треба навремено да се следат активностите за да се исполнат планираните цели. |
| Извештаи и записничка книга од Совет на паралелките, Табеларни прикази на огласна табла, Писмени известувања за терминот и дневен ред на Наставнички совет и совет на паралелките. | Наставниците уредно се известуваат за сите состаноци усно писмено на огласна табла и преку социјалните мрежи. Учениците исто така се информираат за тековните работи на училиштето преку состаноци со претседателите на паралелките кои раководниот тим редовно и често ги одржува, а тие пак преку класни состаноци им ги пренесуваат на своите соученици. Состаноците редовно се одржуваат и истите се од советодавен, едукативен и информативен карактер. Тие се изведуваат преку усна дискусија и разговор или онлајн. |
| Закон за средно образование Правилник за оценувањето, напредувањето, полагање на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во средно образование, Статут на училиштето( дел за ученици IV чл. 34...до чл.72), Книга со соопштенија, Закон за работни односи , Законот за јавни службеници | Училиштето има изготвено повеќе процедури во делот на поголема транспарентност и утврдување на одговорности во постапките за јавни набавки. Согласно правилникот за начинот на стекнување и распределба на средства во јавните средни училишта, училиштето има постапено по него и се донесени неколку правилници и ценовници за стоки и услуги со кои што работи училиштето. Со нив се подобрува начинот на организирање и транспарентноста на училиштето во делот на финансиите.<br>Учениците , на почетокот на секоја учебна година во вид на читање на соопштение по класови и преку раководителот на паралелката се запознаваат со куќниот ред , кодексот за однесување на учениците правата и обврските како и начинот на користењето на опремата која ја користат.<br><br>За дисциплинските мерки за вработените се користат одредбите од Законот за работни односи И Статутот на училиштето и врз основа на тие одредби директорот донесува одлука за примена на одредена дисциплинска мерка спрема работник кој ја прекршил работната дисциплина.<br>По барање на директорот УО секогаш формира комисија за утврдување на повредата на работната дисциплина за секој случај посебно. |
| Годишна програма за работа на училиштето, Извештаи и писмени огласи од состаноци на развојниот тим, Записничка книга од УО и Наставнички совет, Завршни сметки, Годишни и полугодишни извештаи за успех на ученици. | Работата на училиштето и училишната политика во текот на една учебна година се уредува со одредбите на Годишната програма. Годишната програма се изработува согласно планот за развој на училиштето.<br>Годишната програма, во која се содржани општите цели за работа на училиштето, а за поедини органи и тела има конкретни задачи и задолженија.<br>На предлог на Наставнички совет, УО ја доставува до Советот на општината најдоцна до 31 август од тековната год а основачот ја усвојува заклучно до 30 септември. |

| | |
|---|---|
| | Постапките во креирањето на училишната политика се резултат на анализи од работењето на училиштето од претходните години . Анализите ги вклучуваат материјално-финансиското работење на училиштето врз основа на завршните сметки на училиштето и анализи на успехот, поведението и постигнатите резултати на учениците според годишните и полугодишните извештаи од совет на паралелките и наставнички совет.<br><br>Исто така се земаат во предвид и сугестии и предлози на стручните активи. При изработката на годишната програма се анализираат и статистичките податоци на општината каде што се земаат во обзир анализи на демографската структура на населението, климатските фактори на подрачјето, потоа анализи на стопанските субјекти и вработеноста на населението. Во изработката на истата учествува директорот, Наставнички совет, педагог и стручен колегиум. Во таа насока преку заедничка иницијатива со основачот во делот на здравствената струка оваа година истата се прошири со нов образовен профил : медицинска сестра<br>За училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти преку известувања на огласна табла или усно на состаноци и преку јавните медиуми ( за родителите и пошироката јавност). |
| Записничка книга на УО, Записничка книга на наставнички совет, Дневници на паралелките, Дневници за слободни ученички активности, документација за поправни испити, Годишна програма, Книга на податоци за освоени награди на натпревари | Училиштето со одредбите на Годишната програма има утврдено задачи за поддршка на учениците. Така, покрај редовната воспитно –образовна настава училиштето изведува консултативна настава (одредба 8.1.2 од Год. прог.), додатна и дополнителна настава (одр. 8.2 од Год .прог.), слободни ученички активности одр.8.3, заштита и унапредување на здравјето(одр. 8.5) и општествено културна дејност на училиштето (одр.8.6). Од областа на здравјето, се организираат систематски прегледи за учениците од I и IV год, се организираат предавања од областа на болестите на зависност и др.<br>Се продолжува со поттикнување учениците да земат учество во вон наставните активности и во некои културно општествени настани како што е „Тиквешкиот Гроздобер", „Образовно Рандеву-МАСУМ", на која учениците постигнуваат врвни резултати од разни области: потоа во меѓународни соработки со ученици преку учество во проекти преку програмата „Еразмус", како што се проекти во Португалија, Грција , Србија Бугарија . Исто така учениците земаат активно учество во разни спортски натпревари на кои тие имаат освоено бројни награди. Најдобрите ученици земаат и учество во разни натпревари по одредени предмети и наставни содржини на кои исто така имаат освоено награди на меѓународно, општинско, регионално и државно ниво посебно по предметите по Биологија, Англиски јазик, натпревари од земјоделска струка и шумарска струка<br>Наставниците континуирано се надоградуваат земајќи активно учество во бројни обуки и семинари што е прикажан во Прилог 1 |

| | |
|---|---|
| Статут на училиштето. | Наставата се одвива на македонски јазик и кирилско писмо. Од странските јазици се изучува англискиот јазик. |
| Статут на училиштето. Годишна програма за работа на училиштето за год. 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 Годишен извештај за работата на училиштето, Записник од наставнички совет, Глобални и тематски планирања. | Годишното планирање го изработува раководниот тим со педагошката служба, а во соработка со стручните активи. Во овие планирања се имплементирани и резултатите од самоевалуација кои се врши на секои две години.<br>Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат визијата и мисијата , визијата и вредностите на училиштето .Училиштето доследно ги спроведува поставените цели и има план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност како што се извештаи на педагошката служба, извештаи и записници од наставнички совет и записници од состаноци од стручните активи.<br>Овие планирања се однесуваат на подобрување и осовременување на наставниот процес и материјалните услови во кои се изведува истиот. Истовремено се работи и на планирање на отворање на нови струки и проширување на образовните профили за да се следи побарувачката на пазарот на трудот .<br>Планирањето се базира врз анализа на разни емпириски податоци како што се бројот на ученици, материјални ресурси, условите и средствата во училиштето , специфичноста на областа во која што се наоѓа училиштето, анализа на завршните сметки за финансиско- материјално планирање и анализа на годишни и полугодишни извештаи на успехот на учениците. Практичните инструменти за следење на напредокот на училиштето се состои во споредување, следење и анализа на годишните извештаи за работата на училиштето, споредба на успехот и поведението на учениците во претходната учебна година, потоа прибирање на разни емпириски податоци, следење на наставата (*посета на часови), споредба на евидентни листови, глобални и тематски планирања и др. |

**Самоевалуација на училиштето: СОЗШУ "Ѓорче Петров" – Кавадарци Подрачје:7.Раководство,креирање политика**

| **Собирање на податоци (и) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. Прашалници, анкети, набљудувања...)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** | | | |
| Прашалник за наставниците (прашалник за раководење и креирање на политика ) | Горан Зимоски (изработка на прашалникот)<br>Златев Горан (изготвување на прашалникот)<br>Радица Бинова (спроведување на прашалникот)<br>Наталија Вчкова (собирање на податоците од прашалникот)<br>Блаже Ѓорчев (анализа на податоците од прашалникот) | | | | |
| | | | Да (во %) | Не (во %) | Делумно (во %) |
| 1 | | Дали ги распознавате обврските на УО и директорот на училиштето | 45 | 2,7 | 51,3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ( согласно законските акти и другите правилници) | | | |
| 2 | | Дали се доволно вклучени наставниците во изработка на годишната програма на училиштето? | 52,6 | 2,6 | 44,7 |
| 3 | | Дали се спроведуваат целите од годишната програма во текот на наставната година? | 68,4 | 0 | 31,6 |
| 4 | | Како сте задоволни со раководењето на установата во областа на постигања на резултати кај учениците? | 32,4 | 8,1 | 59,5 |
| 5 | | Кои се мерките кои што вие мислите да се преземаат од страна на раководството (директор , УО) за да учениците постигнуваат подобри резултати | Забрана на користење на телефони на час, само по потреба<br>Поголем ангажман на учениците на разни образовни настани и вонннаставни активности<br>Построги педагошки мерки<br>Мотивираност и разговор со учениците<br>Награди за учениците кои постигнуваат одлични резултати<br>Подобрување на услови за изведување на наставата со обезбедување повеќе нагледни средства<br>Редовно одржување на часовите и навремено одење на час<br>Да се забрани пушење пред главниот влез | | |

<table>
<tr><td>6</td><td></td><td>Дали се спроведуваат одлуките на наставничкиот совет од страна на директорот и УО?</td><td colspan="2">78,9</td><td>5,26</td><td colspan="2">15,8</td></tr>
<tr><td>7</td><td></td><td>Дали постои хиерархиска поврзаност (на идеите и целите) за спроведување на активности?<br><br>Наставник-стручен актив-наставнички совет- директор – УО</td><td colspan="2">47,4</td><td>15,8</td><td colspan="2">36,8</td></tr>
<tr><td>8</td><td></td><td>Предложете една мерка за да се подобри таа корелацијата</td><td colspan="5">Редовни состаноци<br>Взаемна соработка<br>Поредовни состаноци на раководители на активи со директорот<br>Соработка, размена на искуства, поддршка и планирање<br>Зголемување на бројот на ученици<br>Подобрување на квалитетот на наставата<br>Одговорно секој да си ја заврши својата обврска<br>Отвореност во комуникацијата<br>Разговор со наставници кои не одржуваат часови<br>Дисциплински казни</td></tr>
<tr><td>9</td><td></td><td>Дали во училиштето постои повеќе годишен план за спроведување на развој на стратегија или план на училиш?</td><td colspan="2">79,9</td><td>12,9</td><td colspan="2">16,1</td></tr>
<tr><td rowspan="2">10</td><td rowspan="2"></td><td rowspan="2">За кој период се донесува планот согласно законот</td><td>1г</td><td>2г</td><td>3г</td><td>4г</td><td>5г</td></tr>
<tr><td>30,8</td><td>28,6</td><td>9,5</td><td>23,8</td><td>23,8</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | | Набројте една цел од претходниот план | Инфраструктурна градба на училиштето<br>Соработка со родители<br>Да се подобри редовноста<br>Зголемување на бројот на ученици<br>Подобрување на квалитетот во наставата<br>Подобрување на условите и просторот на учениците во училиштето | | |
| 12 | | Дали сте запознати со реализација на претходните цели од планот? | 21,2 | 33,3 | 45,5 |
| 13 | | Кои се лицата / органите кои учествуваат во спроведувањето на развојното планирање | Директор, заменик директор, раководители на активи, педагошка служба, сите наставници | | |
| 14 | | Дали знаете кои се членовите на развојниот тим? | 17,1 | 54,3 | 28,5 |
| 15 | | Дали сте запознати колку седници на УО се одржуваат во текот на една наставна година ? | *11,8* | 44,1 | 44,1 |
| 16 | | Дали сте запознати со заклучоците од седниците на УО? | 17,1 | 48,6 | 34,2 |
| 17 | | Дали се опфатени сите цели на работењето во училиштето на седниците на УО? | 41,1 | 26,5 | 32,3 |

**Самоевалуација на училиштето: СОЗШУ “Ѓорче Петров” – Кавадарци Подрачје:7.Раководство,креирање политика**

## Резултати:

**Клучни јаки страни**.

- Вработените успешно ги разграничуваат обврските на раководниот и органот на управување.
- Активно учество на наставниците во креирање на стратешките и развојните политики преку органите на училиштето.
- Добра соработка на училиштето со локалната самоуправа и стопанските субјекти во општината и пошироко во регионот.
- Финансиско-материјална поддршка на ученици со понизок социјален статус и во делот на организирање на екскурзии и матурска вечер и др.
- Подобрена транспарентност на родителите за постигањата на учениците.
- Редовна едукација на наставници преку учество на разни семинари и проекти.
- Учество на училиштето во меѓународни проекти (Португалија , Бугарија Србија, Грција, Шведска).
- Навремено донесување на развоен план за работа со УО и Наставничкиот совет.
- Успешна реализација на годишните програми и план за развој.
- Поголема и унапредена соработка со локалната самоуправа, локалниот бизнис сектор и невладини организации кој дава голема поддршка на училиштето во унапредување на образовниот процес преку логистичка и материјална помош.
- Зголемена транспарентност на работењето на училишниот одбор.
- Следење на општинската политика во делот на проширување на образовните профили од здравствената струка.
- Преземање мерки за поголема енергетската ефикасност и подобрување на еколошката едукација.
- Успешна соработка помеѓу органите за управување и раководење.

**Слабости.**

- Да се изготвуваат оперативни програми за реализација и следење на стратешките цели од планот за развој.
- Делумно учество на Советот на родители и УО во креирањето на училишната политика и недоволна репрезентативност на податоците на останатите родители од состаноците на Совет на родители и УО.
- Не доволен број на иницијативи за вон-наставно зближување на наставниците и родителите (Уредување на училиште, спортски активности , екскурзии).

- Делумна вклученост на учениците во креирање на училишната политика.
- Делумна вклученост на родители во давање на предлог идеи со што ќе се овозможи креирање развојна политика како и предлог за финансиско распределување на средствата.

**Самоевалуација на училиштата: СОЗШУ “Ѓорче Петров” – Кавадарци Подрачје:7.Раководство, креирање политика**

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Раководен орган на училиштето е директорот, а орган на управување е училишниот одбор. УО се состои од 12 членови .Сите членови се македонци. Надлежностите за управување и за административните задачи јасно се дефинирани во одредбите од Законот за средното образование, Статутот на училиштето и Правилникот за систематизација на работните места и другите интерни правилници и процедури кои детално ја детерминираат работата на заинтересираните страни.<br><br>Раководниот тим (директорот и УО) има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Раководниот орган, Директорот презема мерки за подобрување на настава кај ученици со ПОП. Раководниот орган редовно одржува состаноци за тековната работа во училиштето од областа на редовната настава, практичната настава и финансиско-материјално работење на училиштето и донесување на одлуки од интерес на училиштето и локалната самоуправа. Раководниот тим дава предлог на годишната програма за работата на училиштето до Советот на општината, потоа дава предлог извештај за завршна сметка и предлог за годишен финансов план. Исто така донесува интерни акти, како и формира дисциплински комисии, а беше донесена и одлука за апликација и одлука за согласност за потпишување на проект во националната агенција за европски образовни програми и мобилност во програмата „Еразмус Плус”.<br><br>Развојниот план согласно законот за средно образование средните училишта донесуваат програма за развој. Постапувајќи по законот СОЗШУ ,,Ѓорче Петров,, има донесено програма за развој во периодот 2025/2028 година. Во конкретниот развоен план се дефинирани четири стратешки цели со динамика за негова реализација. Планирани се следните стратешки цели.<br>Подобрување на условите за изведување на теоретска и практична настава во училиштето.<br>Подобрување на квалитетот на наставата.<br>Зголемување на нивото на соработка со родителите, локалната заедница и стопанските субјекти.<br>Зголемување на бројот на ученици кои се образуваат во училиштето.<br><br>Раководниот тим редовно одржува состаноци со сите активи. Исто така редовни состаноци по потреба одржува и Управниот одбор за чие редовно присуство на членовите е одговорен претседателот на УО и истиот го свикува со однапред утврден дневен ред. Изостанува иницијатива за активен придонес за развој на училиштето и формирање на нов развоен тим. |

Потребна е обука на новите членови на УО за подобра нивна координираност и самоиницијативност. Советот на родители е важен дел во процесот на раководење но недостига поголема активност за поддршка на органите на училиштето .

Во училиштето постојат 23 паралелки поделени во струки и тоа I год .4 струки од четиригодишно образование: Шумарско-дрвопреработувачка струка со три профила: Шумарски техничар и Техничар за пејзажен дизајн, Техничар за мебел и ентериер, Земјоделско ветеринарна струка со три профила: Агротехничар и Техничар за агроменаџмент, Техничар за фитомедицина, Здравствена струка со два профила: Фармацевтски техничар и медицинска сестра и Спортска академија со три паралелки, прва, втора и трета за кошарка. Во училиштето постојат и два образовни профили со тригодишно образование и тоа: шумар од шумарско-дрвопреработувачка струка и цвеќар-градинар од земјоделско ветеринарната струка.

Од учебната 2021/22 се воведува и дуалното образование каде што учениците ќе го стекнуваат своето образование паралелно и во бизнис секторот.

Во правилниците и процедурите јасно се утврдуваат одговорностите и обврските на страните кои учествуват во активностите и постапките. Потребно е донесување на нови процедури кои ке го подобрат функционирањето на тековното работење.

Со Статутот на училиштето се дефинирани правата и обврските на учениците и дисциплинските мерки за повреда на куќниот ред.

Училиштето со одредбите на Годишната програма има утврдено задачи за поддршка на учениците и покрај редовната настава се изведува и консултативна, додатна и дополнителна настава, потоа слободни ученички активности и секции, активности за заштита и унапредување на здравјето. Посебно истакнатите ученици јавно се пофалуваат и пригодно се наградуваат. Работата на училиштето и училишната политика се уредува со годишната програма и во неа се содржани општите цели.

Во креирањето на училишната политика се вклучени директорот, педагогот и наставнички совет. УО ја усвојува предлог програмата и ја доставува на усвојување на Советот на локална самоуправа. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика и истите се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и оптимизирање на постигнатите резултати на сите ученици. Подрачја на промените кои се опфатени со целите на училиштето се: организација и реализација на наставата, училишниот менаџмент, училишната клима, училишната култура, усовршување и професионален развој на наставниците, комуницирање и односи со јавноста. Планирањето се базира врз анализа на разни емпириски податоци како што се бројот на ученици, материјални ресурси, условите и средствата во училиштето, анализа на завршните сметки за финансиско- материјално планирање и анализа на годишни и полугодишни извештаи на успехот на учениците. Практичните инструменти за следење на неговиот напредок се состои во споредување, следење и анализа на годишните извештаи за

работата на училиштето, споредба на успехот и поведението на учениците во претходната учебна година, екстерни записници ,потоа прибирање на разни емпириски податоци, следење на наставата (*посета на часови), споредба на евидентни листови, глобални и тематски планирања. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика но на истите им се дава соодветен приоритет и имаат фокус кон обезбедување на квалитетна настава. Изостанува навремено реагирање на планот за отстапувањата кои се јавуваат од непредвидени фактори.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување.

Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и обезбедува сопствени и средства од МОН за наменско инвестирање од истата. Училиштето има воспоставено соработка со локална самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Преземање на иницијативи за поголемо учество во меѓународни проекти за продлабочување на знаењата на наставниот кадар и учениците, посебно од областа на практична настава и за стекнување на нови искуства
- Изнаоѓање иницијативи за вон наставно зближување на наставниците и родителите (Уредување на училиште, спортски активности , екскурзии, ангажирање за разни услуги)
- Поголемо учество на Советот на родители во креирањето на училишната политика и репрезентативност на податоците на останатите родители од состаноците на Совет на родители и УО.
- Воведување на нови мерки и методи за поголеми постигања на учениците (мотивација, социјална поддршка , предавања)
- Покренување на иницијативи за вклучување на родителите во образовното стратешкото планирање на работата на училиштето
- Да се имплементираат во целост донесените Кодекси и процедури и креираат нови
  Континуирано следење на реализацијата на стратешките цели
- Да се изврши/иницира обука на членовите на УО за подобар придонес во работата на училиштето како и запознавање на наставниците со новите обврски кои се утврдени со законите и правилниците од дејноста на средното образование.
- Навремено информирање на наставниците со новите законски акти од дејноста во образованието.

Прилог 1

# САМОЕВАЛУАЦИЈА 2023-2024, 2024-2025

| Обуки, семинари и усовршување на наставниците и стручните соработници 2023/2024 |
|---|
| • Обука на наставниците по стручни предмети во врска со примена на ИКТ во наставата<br>• Обука за секретари на Училишни матурски комисии<br>• Обука за тестатори<br>• Обуки за јавни набавки<br>• Обуки за психолошко-педагошката служба |

| Обуки, семинари и усовршување на наставниците и стручните соработници 2024/2025 |
|---|
| • Обука на наставниците организирана од БРО за примена на дигитални алатки и вештачката интелигенција во наставата (јули и август)<br>• Обука за секретари на Училишни матурски комисии<br>• Обука за тестатори<br>• Обуки за јавни набавки<br>• Обуки за психолошко-педагошката служба<br>• Обуки за новиот е-дневник |